**Општинска Јавна Установа за деца- Детска Градинка „ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ"-Делчево**

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

## ЗА РАБОТА НА ОПШТИНСКАТА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА ДЕТСКА ГРАДИНКА "ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ" ДЕЛЧЕВО ЗА ВОСПИТНАТА 2020/2021 ГОДИНА



**Август 2020 година**

# С О Д Р Ж И Н А

**1.ВОВЕД**
**2.ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА**
**3.ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ГРАДИНКАТА**
**4.ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА**
**5.ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА**
**6.СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА И ЗГРИЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ**
**7.СТРУЧНО-ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА КАДАРОТ.**
**8. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАДИНКАТА**
**9. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА**
**10.ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ**
**11.СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ**
**12.СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА**
**13.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ ПРЕКУ СОВЕТУВАЛИШТЕ**
**14.ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ**
**15. ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ**
**16. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ**
**17. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ**

# ВОВЕД

Раното детство е важно за севкупниот развој на личноста. Теориите и истражувањата укажуваат на значењето на раното детство за интелектуалниот, емоционалниот и социјалниот развој, а со тоа и на важноста на организираното создавање услови за тој развој. Во суштина, ние сè позајмуваме од нашите деца. Она што ќе се случува со општеството во иднина, во голема мера зависи од мудроста која ја пренесуваме на нашите деца.

Теоријата и практиката го промовираат холистичкиот пристап и поттикнувањето на раното учење и развој кај малите деца. Општествените процеси на демократизација се рефлектираат во воспитно-образовната работа со децата од предучилишна возраст и бараат доследна практична примена на стручно-научните сознанија како и доследна примена на хуманистичко-теоретскиот педагошко-психолошки процес во толкувањето на детската личност.

Целокупните воспитно-образовни активности во современото предучилишно воспитание треба да бидат насочени кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете. Развојот претставува процес на промена кој настанува како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на неговите внатрешни потенцијали и природниот развој во кој детето ги зголемува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување и зборување.

Улогата на градинката во новото време е се позначајна, како од аспект на социјалната средина така и од аспект на квалитетот на воспитувањето. Имајки во предвид дека живееме во еден екстремно бурен период, испреплетен со транзиција, брз економски развој, светска економска криза, улогата на градинката како еден подсистем на системот, место за првична социјализација на децата и како место во кое се одвива не само престој и учење туку и место во кое се реализира воспитно-образовна работа со децата подготвувајќи ги за живот, е од огромно значење.

Познавањето на воспитно образовната практика има особено значење кога станува збор за детската градинка. Имајки го тоа во предвид ниту можеме ниту пак смееме да си дозволиме неуспех во воспитно образовната практика.

Прашањето на успехот односно неуспехот во детската градинка има општествено и педагошко значење, кој е тесно поврзан со поставеноста на предучилишното воспитание и образование и неговите карактеристики во рамките на целокупниот систем на воспитание и образование.

Детската градинка треба да презема активности со цел да креира услови за сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко-откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете, со што се поттикнуваат и развиваат моторичките, јазичните, когнитивните и социо-емоционалните вештини.
Сите овие елементи се клучни во процесот на развојот, учењето и постигањето успех во понатамошниот развој на детето.

Холистичкиот пристап на кој се базира развојот и учењето на детето од предучилишната возраст се однесува на обезбедување на безбедна и сигурна околина за рано учење и развојната подготвеност за училиште, како и формирање на правилни навики за заштита на физичкото и психичко здравје на детето.

Почитувајќи го интегрираниот пристап во воспитно-образовниот процес и избегнувајќи ја тенденцијата да се фаворизираат одредени аспекти во развојот на детето, нашето внимание ќе биде насочено на сите аспекти од развојот на детската личност.

ОЈУДГ „Весели Цветови„Делчево секоја година подготвува Годишната програма за работа со деца од предучилишна возраст и истата претставува документ од јавен карактер, кој е усогласен со современите општествено – демократски движења кај нас, како и со Декларацијата и Конвенцијата за правата на децата.
Стручно научните согледувања укажуваат на тоа дека првите седум години од животот на човекот се основа за воспитанието и образованието на секоја индивидуа.

Установата има Статут кој го донесува органот на управување на установата, а со кој се пропишуваат нејзината организација, начин на работа, управување и раководење.

Согласност на статутот на установата дава советот на општината. Установата за деца има печат. Во средината на печатот е грбот на Република Северна Македонија, а од страна е името на Република Северна Македонија и името и местото на установата.

Градинката запишува и врши прием на деца врз основа на пријава преку целата година. Програмата на ОЈУДГ„Весели Цветови" - Делчево се изготвува во согласност со Законот за заштита на децата на Република Северна Македонија, Статутот на установата, Програмата за рано учење и развој базирана врз Стандардите за рано учење и развој, донесена од Министерството за труд и социјална политика како и програмата за еколошка едукација на децата од предучилишна возраст и врз основа на развојниот план на установата.

Во оваа воспитна 2020/2021 година ОЈУДГ „Весели Цветови" својата дејност ќе ја врши во 12 воспитни групи со 162 деца во објект број 2 и овој намален број на деца се должи на ситуацијата со КОВИД 19 поради која во согласност со протоколот издаден од МТСП бројот на деца во групите до 2 години ќе биде 6 а од 2-6 години 15 деца. Доколку ситацијата се среди бројот на деца ќе се зголеми за 50%. Објект број 1 засега останува неотворен бидејки очекуваме раскинување на постоечкиот договор со ООУ„Св.Климент Охридски„ за да можеме да го адаптираме на потребите и доколку се биде по план таму ќе бидат згрижени 48 дечиња.

Градинката денес е препознатлива по своите активности кои ги реализира во рамките на Општината и претставува важна (основна) алка во синџирот на образовниот систем на децата, што пак е причина повеќе за зголемена заинтересираност за запишување на децата во неа.Тоа секако создава чувство на задоволство кај вработените во неа заради укажаната доверба од родителите, но и мотив за уште поголем ангажман за изнаоѓање модели и начини за поголем опфат на децата во градинка со една цел -изградба на нов објект на градинка во состав на постоечката но на нова локација.Постапката е во тек и наскоро ќе се аплицира во МТСП.

За развој на личноста на детето талентот, менталните, креативните, физичките и други способности, подготвување за самостоен и одговорен живот во установата се обезбедуваат и активности од областа на еколошката и здравствената едукација на децата и почит кон природните убавини и богатства, работни активности во сообразност со возраста и можностите на децата, едукативни активности за одржување на личната и општата хигиена, едукација за безбедно живеење и правилно однесување во секојдневното живеење, стекнување социјални вештини, едукација за почит кон различностите и мултилултурализмот, едукација за одгледување на овошни и зеленчукови растенија и користење здрава храна, едукација за почит на традицијата, обичаите и културното наследство, нивно продолжување, на децата до шест годишна возраст, односно до вклучување во основното образование.

Сите активности се организираат во рамките на градинката и надвор од неа со безброј посети, прошетки, екскурзии, заеднички средби, едукативни предавања и работилници од страна на стручни лица од разни институции и родителите на децата, со учество во многу културни и образовни манифестации и јавни и културни настапи на децата.

Со оглед на фактот дека раното детство е најважно за севкупниот развој на личноста, а поаѓајќи од современите сознанија на теоријата и практиката кои го промовираат холистичкиот пристап во поттикнувањето на раното учење и развој кај децата во соработка со родителите и пошироката средина, се превземаат мерки и активности за поттикнување на когнитивниот развој, социо-емоционалниот, моторен развој и физичкото здравје, развој на јазик комуникација и описменување и пристап кон учење кај децата до шест годишна возраст односно до вклучувањето во основното училиште и на деца до нивната десет годишна возраст.

На овој начин општествените процеси на демократизација се рефлектираат во воспитно-згрижувачката работа со децата од предучилишната возраст и со доследна практична примена на хуманистичко-теоретскиот, педагошко–психолошкиот процес во толкувањето на детската личност.

Целокупните воспитно - згрижувачки активности во градинката се насочени кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на децата.

Развојот претставува процес на промена кој настанува како резултат на почитување на индивидуалните карактеристики на детето, следење на неговите внатрешни потенцијали и природен развој во кој детето ги збогатува и ги зајакнува вештините за движење, размислување, чувствување, зборување и сл.

Холистичкиот пристап врз кој се базира развојот и учењето на детето од предучилишна возраст за нас значи и обезбедување на безбедна и сигурна средина за учење и развој, зајакнување на развојната подготвеност за училиште, како и формирање на правилни навики за заштита на здравјето на детето.
Фактот дека секое дете има свои интелектуални специфики и равојни потенцијали, бара негово поставување во партнерски однос со сите субјекти во воспитно – образовниот процес.

Развојните законитости кај секоја детска индивидуа претставуваат императив за потребата од сознавање и учење по пат на игра, интеракција, активирање во истражувачко – откривачки процеси и решавање на различни проблемски ситуации од страна на секое дете.
Посветеноста со многу љубов и трпеливост се несогледливо значајни во развојот на детето. Ако го почитуваме овој принцип, не може да погрешиме.

Во Годишната програма на ОЈУДГ „Весели Цветови„ Делчево за воспитната 2020/2021 година планирани се активности за давање поддршка на децата и семејствата и едукација која опфаќа специјални програми за подобра адаптација на децата и родителите во Установата.

**Посебно внимание ќе се посвети на здравствената заштита на децата и осигурување на безбеден престој во установата без никаква можност децата да бидат изложени на инфекција и зараза со КОВИД 19. Така ќе бидат планирани и соодветно применувани соодветни активности во текот на целата воспитна година.**

Целокупните воспитно-образовни активности во предучилишното воспитание се насочени кон почитување и задоволување на потребите, интересите и можностите на секое дете. Родителите како први природни учители на своите деца и воспитувачите во градинката заеднички имаат огромна одговорност на децата да им помогнат во нивниот развој и напредок, во нивното обликување како одговорни граѓани на сопствената држава и како интегрирани граѓани на светот.

Основа за дефинирање на програмските задачи и содржини за работа во текот на воспитната 2020/2021 година ги чинат просторните, материјалните и кадровските потенцијали на Установата, реалните потреби на родителите и подршка од Основачот - Локалната самоуправа на Општина Делчево.

## 2. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ДЕЈНОСТА

Програмата за работа на Општинската јавна установа за деца – детска градинка ***„Весели Цветови"– Делчево***, за воспитната 2019/2020 година е донесена врз основа на

- ***Законот за заштита на децата (Консолидиран текст Јуни 2020)***
- ***Програмата за рано учење и развој (Сл.весник на РМ бр.46/2014)***
- ***Статутот на ОЈУДГ„Весели Цветови" – Делчево,***
- ***Тезите за изработка на годишната програма за работа на јавните установи за деца–детски градинки, предложени од страна на Бирото за развој на образованието и***
- ***Целосно почитување на препораките на МТСП и препораките на ЛС на Општина Делчево, почитување на детските конвенции и Уставот на Република Северна Македонија.***
- ***Позитивните искуства за работа со деца од предучилишна возраст.***

## 3. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ЖИВОТОТ И РАБОТАТА ВО ГРАДИНКАТА

Целокупната дејност на градинката во Програмата за воспитната 2020/2021 година ќе се остварува низ следните организациони облици на работа и делување:

- детски јасли,
- детска градинка,
- продолжен престој на деца над 6 до 10 г. возраст
- исхрана, кујна
- превентивна здравствена заштита и
- заеднички служби.

Детските јасли, како најорганизиран облик за згрижување на деца од 9 месеци до 2 години, ќе имаат за цел на децата од најмалата возраст да им обезбедат оптимални услови за растење и развој, правилна нега и исхрана,соодветна здраствена заштита, да се социјализира ,да комуницира, со еден збор да расте и да се развива.При тоа на негователките што работат во јаслените групи ќе им се обезбедува стручна и советодавна помош од страна на овластени лица додека пак на родителите ќе им понудиме можности за советување, консултации и стручна и советодавна помош во врска со прашања од доменот на згрижувањето и воспитанието на детето.

Во детската градинка во која ќе бидат опфатени деца на возраст од 2 до 6 години како и деца со продолжен престој на возраст од 6 до 10 години планираме да реализираме бројни програмски цели и задачи со посредство на следните форми и активности:

- згрижување,нега и исхрана,
- игра-како основна,најзначајна и најприродна активност на децата
- активности за стекнување на навики, вештини и умееља за остварување на бројни воспитни цели и задачи,
- слободни и групни активности со децата, кои претставуваат организирани и испланирани специфични форми за подучување и учење на децата за стекнување на знаење и искуства, за воспитно-образовно делување и за остварување на програмските цели и задачи,
- прошетки, посети, набљудувања,
- заеднички излети,
- куклени и театарски представи и сл.

Децата згрижени во групи во оваа учебна година зависно од возраста во најголем број на групи се групирани во хомогени односно групи на деца родени во иста година,

но бидејќи од одредени возрасти има повеќе деца отколку пропишаниот максимум за деца во групи, принудени сме да формираме и комбинирани групи, согласно Законот за заштита на децата.

**Кујната**, како дел од основната дејност на градинката, со целокупната своја организација ќе има за цел да ги прифаќа набавените продукти, правилно да ги чува и да подготвува оброци за децата кои се состојат од појадок, ручек и ужинка. Подготовката на оброците се врши во кујната која е лоцирана во матичниот објект и во оваа кујна храна се подготвува и за лицата корисници на социјална помош преку проектот „Народна кујна„ и за децата со продолжен престој со над 6 до 10 годишна возраст. Како и во изминатиот и во овој што следи, исхраната на децата за нас ќе претставува особено значајна и примарна цел во целокупното работење на градинката. При тоа, особено внимание ќе посветуваме на хигиената и постојана дезинфекција на кујната и на садовите во кои се приготвуваат оброците, на продуктите, на листите на јадење, на правилната застапеност и комбинираност на различните продукти во оброците, на индивидуалните потреби на децата, особено кога има појава на алергии, потоа редовно спроведување на санитарно-здравствени и контролни прегледи на вработените во кујната, редовна дезинфекција и дезинсекција на просториите кои во текот на оваа воспитна година ги реновиравме со комплетна замена на подни и зидни плочки и нов канализационен одвод, како и на инвентарот кој тековно се обновува.

Кујната ќе има за задача да набавува, подготвува и дистрибуира оброци за појадок, ручек и ужинки на децата, а во поглед на исхраната ќе настојуваме секогаш да вршиме набавка на свежи, здрави и квалитетни прехрамбени производи. Листите на јадење ќе ги изготвуваме како и досега согласно сезоната и продуктите штто ги нуди пазарот, при што и понатаму пред почетокот на месецот ќе се изготвуваат месечни листи на јадења за децата од јаслена восраст и за децата од 2 до 6 годишна возраст како и од оваа воспитна година за децата над 6 до 10 годишна возраст.

## 4. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ И УСЛОВИ ЗА РАБОТА

Градинката во текот на годината ќе се труди да обезбеди оптимални услови за престој и развој на децата во неа преку:

- Почитување на детскиот индивидуалитет и интегритет
- Детските достигнувања, потребите, интереси и барања
- Почитување на возраста на детето
- Почитување на потребите на семејствата
- Почитување на најновите педагошки сознанија за детскиот развоен потенцијал

Непосредната работа со децата опфаќа: воспитно-образовно дејствување врз сите аспекти на развојот, како и секојдневна нега и исхрана на детето. Таа ќе биде регулирана преку годишните, месечните, тематските и дневните планови со акцент на евидентирање на успешноста во реализирање на предвидените задачи. Посебен акцент се става на индивидуалното следење на децата (досие на дете) како најдобар начин на следење на детскиот развиток и воспитно-образовно влијание на истиот.
Насочувањето на развојот на децата ќе се реализира преку следните форми на целодневен престој (јасли и градинка), полудневен престој, продолжен престој како и факултативни активности за кои согласност ќе бараме од родителите.

Во градинката во текот на денот се одвиваат воспитно-образовни активности во интерес на раното учење и развој на децата. Тоа се следниве активности:

- Прием на деца
- Слободни активности и игри
- Ужина
- Реализација на дневно планирање

- Ручек
- Пасивен и активен одмор
- Ужина
- Реализација на факултативни програми

-Моторни активности, проекти, набљудување, активности за стекнување културни и хигиенски навики, учество во различни манифестации, индивидуална работа со деца и со родители

## ☺ Превентивната здравствена заштита

Во претстојната 2020/2021 год. ќе има за цел да обезбеди нега и заштита на децата опфатени во градинката, а тоа значи обезбедување на поволни услови за психофизички раст и развој, а пред се грижа за здравјето на секое дете. Тоа ќе настојуваме да го постигнуваме како што веќе истакнавме, со здрава и контролирана исхрана, со соодветна листа на јадења, со обезбедување на соодветни хигиенски услови во секој поглед, со континуирана соработка со родителите, со Центарот за здравствена заштита и други здравствени и стручни институции, со почест престој на децата на чист воздух, со почесто организирање на рекреативни, физички и забавни активности, прошетки, излети и сл.

**Посебно внимание ќе се посвети на здравствената заштита на децата и осигурување на безбеден престој во установата без никаква можност децата да бидат изложени на инфекција и зараза со КОВИД 19.Така ќе бидат планирани и соодветно применувани соодветни активности во текот на целата воспитна година.**

**☺ Заедничките служби** ќе имаат задача да ги остваруваат управно-правните, кадровските, финансиско-материјалните и хигиено-техничките активности и работи во градинката. Споменатите активности ќе настојуваме да ги реализираме одговорно и професионално, почитувајќи ги поставените програмски цели и задачи, работните задачи на секој вработен, што произлегуваат од законските и подзаконските акти и од останатите задачи и активности што ќе произлегуваат во текот на секојдневното работење и функционирање на градинката.

## ☺ Организација на работа во градинка

Општинската Јавна Установа за Деца - детска градинка "Весели Цветови" од Делчево претставува посебен вид на установа за згрижување, воспитание и образование на деца односно до поаѓање на детето во училиште, како и згрижување на деца од 6 до 10 годишна возраст во продолжен престој и целодневен престој во текот на летниот распуст. Установата просторно е сместена во два објекти, од кои матичниот се наоѓа на улица „Светозар Марковиќ“ бр.12 додека вториот на улица „М.М.Брицо“ бр.36 исто така во Делчево.

И двата објекти на установата се функционални згради од тврда градба едниот објект број 1 е во застарена состојба и за истиот се планирани повеќе реконструкции со цел да ги задоволува новите стандарди кои ги предвидува законот.Објектот број 2 е објект кој одговара на современите барања во поглед на здравствено-хигиенските, педагошките и градежно-техничките норми за престој на деца од предучилишна возраст. Добро организираниот простор, светлите, чисти и добро уредени простории, опремата, играчките, нагледните средства и дидактичкиот материјал им овозможуваат на децата игри, слободно движење и користење на просторот и вклучување во развовидни активности во текот на денот.

Матичниот објект - Објект број 2 постои од 1981 година и е од тврда градба. Условите за работа во тој објект се подобри бидејќи во него занималните се пошироки, има кујна за исхрана на децата, креветчиња, масички, столчиња и се што е неопходно за една ваква установа. Во овој објект се сместени деца со целодневен престој, деца од 9 месечна возраст до 6 години.

### ☺Јаслите-простор за деца од 9 месеци до 2 годишна возраст располага со следните простории:

-две занимални за престој на децата со посебни санитарни јазли
-кујна
-магацин
-ходник
-просторија за прием
-остава

### ☺ Градинскиот дел за деца од 2 -6 годишна возраст располага со:

-занимални за престој, занимање, игра, забава и одмор;
-посебни санитарни јазли;
-кујна;
-магацин;
-ходници;
-хол-трпезарија
-перална;
-административни простории (две);
-подрум за котлара;
-скривница.

### ☺ Новиот доградени дел располага со:

-ходник
-гардероба
-помошен простор - канеларија
-занимални со санитарии

Постариот објект број 1 е времено и делумно преотстапен на користење на ОУ.„Св. Климент Охридски„ Делчево. Оваа воспитна година очекуваме овој објект целосно да биде преотстапен од училиштето за да можеме да направиме опфат на 48 дечиња според соодветниот протокол за заштита од КОВИД 19 на децата. Објектот е тврда градба со застарена столарија и инвентар. Граден е наменски за згрижување, воспитание и образование на децата од девет месеци до 6 годишна возраст и со големината што одговара на потребите според бројот и возраста на децата во нив.

### ☺ Дворна површина

Дворните површини во последните неколку месеци почнуваат да задоволуваат со својот изглед и опременост за солиден и организиран престој на децата на чист воздух, за разлика од минатите години кога не беше евидентен напредокот во насока на нивно уредување во текот на 2018 и 2019 година се досредени неколку делови од дворната површина. Установата секако дека тука нема да застане, напротив и во иднина ќе се труди и ќе вложуваво насока на што посоодветно опремување на дворовите секако во соработка со вработените и добронамерните поединци и фирми

кај кои има расположение за донација со цел поубава околина на нашите деца. Со исто темпо продолжуваме и во тековната 2020г. и идната 2021 година.

Во однос на одржување и уреденост на тревните површини имаме планирани активности за порамнување на дворната површина со земја и засејување со трева заедно со песочниците, засадување на ново семе – трева засадување на садници од цвеќиња, засадување на грмушести растенија, одржување на постоечко засадените растенија и организирање на простор за одгледување на градинарски и овошни производи што е составен дел од реализацијата на Проектот „Градини во детските градинки“.

ОЈУДГ„Весели Цветови" од Делчево располага со капацитет за околу 275 деца во матичниот објект број 2 и 40 во стариот објект број 1. Оваа воспитна 2020/2021 градинката ќе може да згрижи вкупно 210 деца согласно Протоколот поради појавата на КОВИД 19. Во оваа бројка влегуваат и 15 деца ромчиња опфатени преку проектот„ Инклузија на деца Роми финансирани од страна на Локалната Самоуправа на Општина Делчево и МТСП.

Воспитно-образовната и згрижувачка дејност се одвива во услови кои одговараат на современите педагошки, здравствени, хигиенски и градежно-технички норми за деца од преучилишна возраст.

Меѓутоа, заради подигнување на повисоко ниво на условите за престој и воспитание на децата, сеуште во објектот има потреба од интервенции, како на пример: промена на масичките, креветчињата, душезите, постелнината и теписите во занималните, како и патеките низ ходниците и влезовите.Пред се за оваа програмска година останува постојаната потреба од збогатување на групите со играчки и дидактички материјали затоа имаме предвидено средства за да спроведеме постапка за набавка на истите. Од голема важност и приоритет оваа година ќе биде поставување на системи за ладење-клима уреди во занималните како и надворешни ролетни во делот доградба од 4 нови занимални.И оваа година ќе продолжиме да инвестираме во набавка на уште мал дел кујнска опрема бидејки поголем дел е набавено во изминатата година и ги задоволува потребите на нашата установа.

Вкупниот број на деца кои ќе престојуваат во градинката по објекти во Септември е распореден по групи со следниот преглед:

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАБОТАТА ВО ЈАСЛЕНИТЕ ГРУПИ И ГРАДИНКАТА

| *Р.б* | *Воспитни групи* | *Возраст* | *Број на групи* | *Вид на престој* | *Број на деца* |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Јасли** | 9-18 м. | 2 | целодневен | 12 |
| **2.** | **Јасли** | 18-24 м. | 3 | целодневен | 18 |
| **3.** | **Прва мала група** | 2-3 год. | 3 | целодневен | 45 |
| **4.** | **Втора мала група** | 3-4 год. | 2 | целодневен | 30 |
| **5.** | **Средна група** | 4-5 год. | 2 | целодневен | 30 |
| **6.** | **Голема група** | 5-6 год. | 4 | 3 гр.целодневен<br>1 гр.полудневен | 50<br>10 |
| **7.** | **Комбинирана хетерогена група** | 2-6 год. | 1 | целодневен | 15 |
| **ВКУПНО** | | | | | **210** |

## ☺ Работно време на установата (Куќен ред)

Во Општинската Јавна Установа за деца-детска градинка "Весели Цветови" Делчево отсекогаш е настојувано работното време да биде во склад со потребите и желбите на корисниците на нашите услуги - родителите.

И оваа воспитна 2020/2021 година градинката ќе работи по следниот куќен ред:

### ☺ ДНЕВНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ВРЕМЕТО ВО ГРАДИНКАТА

- **За деца од најрана возраст (од 09 до 24 месеци)**

| *Целодневен престој - активности* | Време | |
|---|---|---|
| *Прием на децата и слободни активности* | Од 6.00 часот | До 08.00 часот |
| *Подготовки за појадок и појадок* | Од 8.00 часот | До 08.30 часот |
| *Реализација на дневно планирање* | Од 8.30 часот | До 09.00 часот |
| *Претпладневна ужина* | Од 9.00 часот | До 09.30 часот |
| *Слободни игри и престој на воздух* | До 09.30 часот | До 10.30 часот |
| *Тоалет и подготовки за ручек* | До 10.30 часот | Од 11.00 часот |
| *Ручек* | Од 11.00 часот | До 11.30 часот |
| *Тоалет и подготовка за спиење* | Од 11.30 часот | До 11.50 часот |
| *Дневен одмор - спиење* | Од 12.00часот | До 13.30 часот |
| *Подготовка за ужина* | Од 13.30 часот | До 14.00 часот |
| *Ужина* | Од 14.00 часот | До 14.30 часот |
| *Слободни активности,игри и престој на воздух* | Од 14.30часот | До 15.00 часот |
| *Средување на занималните, слободни игри и испраќање на децата* | Од 15.00 часот | До 16.30 часот |

- **За деца од постара предучилишна возраст (од 2 до 6 години)**

| *Целодневен престој - активности* | Време | |
|---|---|---|
| *Прием на децата и игри по избор на децата* | Од 6.00 часот | До 8.00 часот |
| *Утринска гимнастика* | Од 8.00 часот | До 8.15 часот |
| *Подготовки за појадок и појадок* | Од 7.45 часот | До 08.30 часот |
| *Реализација на дневно планирање* | Од 8.30 часот | До 09.00 часот |
| *Слободни активности* | Од 9.00 часот | До 09.30 часот |
| *Реализација на дневно планирање* | Од 9.30 часот | До 10.15 часот |
| *Слободни активности,игри, прошетки и престој на воздух* | Од 10.15часот | До 11.00 часот |
| *Подготовка за ручек и ручек* | Од 11.00часот | До 12.00 часот |
| *Дневен одмор - спиење* | Од 12.00часот | До 14.00 часот |
| *Подготовка за ужина* | Од 14.00 часот | До 14.15 часот |
| *Ужина* | Од 14.15 часот | До 14.45 часот |
| *Средување на занималните, слободни игри и испраќање на децата* | Од 14.45 часот | До 16.30 часот |

## ☺ Кадар на установата

Бројот на групите во детската градинка претставува основа за утврдување на потребниот број на извршители за остварување на дејноста.
Видот и степенот на образование, особено на т.н. носечки кадри е предвиден во Законот за детска заштита и подзаконските акти. За обавување на дејноста во установата се вработени 41 (четириесет и еден) работник на неопределено време и 1 (еден) работник на определено време, со договор за дело 7(седум) и под агенција за привремени вработувања 9 (девет). Се вкупно ангажирани по било кој основ 48 извршители по работни места кои може да се видат во следниот преглед:

| Р.бр. | **Профил на експертиза на вработените** | **Број на вработени** |
|---|---|---|
| 1. | **Директор** | 1 |
| 2. | **Стручни работници** | |
| | психолог | 1 |
| | логопед | 2 |
| 3. | **Згрижувачки кадар** | 25 |
| 4. | **Воспитен кадар** | 11 |
| 5. | **Административен кадар** | |
| | правник | 1 |
| | сметководител | 1 |
| | администратор-човечки ресурси | 1 |
| 6. | **Готварски кадар** | |
| | главен готвач | |
| | готвач | 1 |
| | помошник готвач | 3 |
| | садомијач сервирка | 2 |
| 7. | **Друг технички кадар** | |
| | магационер | 1 |
| | хаус-мајстор | 1 |
| | перачка пеглачка | 1 |
| | возач | 1 |
| | хигиеничар | 5 |
| | **Вкупно** | **58** |

## *5.ПЛАНИРАЊЕ И РЕАЛИЗИРАЊЕ НА ВОСПИТНО ОБРАЗОВНАТА РАБОТА*

Современите научни сознанија во делот на предучилишното воспитание и образование укажуваат на тоа да овој период на детскиот развој е најинтезивен и е период во кој се формираат основните квалитети на личноста, од кои зависи натамошниот развој на идниот човек. Во овој период детето се социјализира, трансформира, афирмира, се развива и усовршува неговата моторика, се задоволуваат потребите на детето за игра и контакти со врсници и возрасни, се развиваат изразните и творечки потенцијали, се создаваат хигиенски, културни, работни навики и др.

Во нашата Установа се реализира Програмата за рано учење и развој која опфаќа разни форми на поддршка за промовирање на ран и здрав детски развој. Во одделните степени на развојот на детето се негуваат и поттикнуваат оние форми на однесување и изразување што се карактеристични за тој период, а се развиваат индивидуалните можности и се создаваат услови за неговиот натамошен развој.

Истата ги обединува здравствена и социјалната заштита, овозможува интелектуални стимулации, давање можност за истражување и активно учење, нуди адекватен социоемоционален развој и секаков вид на грижа како би им се овозможило на децата во потполност да ги остварат своите потенцијали.

Согласно целите на воспитно-образовната работа улогата на воспитувачот во градинката се состои од:

- Следење на детскиот развој индивидуално;
- Почитување на детските индивидуални разлики, потреби и предлози при планирањето и реализирањето на воспитно-образовната дејност (интегрирано);
- Мотивирање на децата за различните видови активности;
- Следење и вреднување на воспитно-образовниот процес, самовреднување и рефлексија;
- Водење досие на детето;
- Развивање елементарна способност за самовреднување кај децата;
- Градење партнерство со семејството;
- Соработка со училиштата и локалната самоуправа;
- Почитување на детскиот избор и негово користење во насока на реализирање на конкретните цели;
- Реално планирање, услогласување со можностите, потребите, интересите на децата, условите во потесната и пошироката средина;
- Тимско работење, соработка со стручни научни и други институции во пошироката средина;
- Обезбедување стимулативна средина, позитивна социо-емоционална клима, нагледност и автентичност во воспитно-образованиот процесс;
- Поттикнување на децата кон истражувачки, откривачки, креативни процеси и кон активирање во планирањето и реализација на целите.

**Видови на активности** кои ќе бидат застапени кои и до сега беа застапени во програмата се:

**-реализација на дневни активности**
**-игри и игровни активности**
**-игри на отворено и во природа**

Дневните активности ќе имаат за цел да ги едуцираат децата преку содржини адекватни и адаптирани за одредена возраст, а за кои основните насоки се концепираат на тематските планирања. Игрите и игровните активности можат да

бидат застапени во два наврати во текот на денот, а имаат за цел да ги задоволат желбите на децата за индивидуална игра и игра во група, без разлика дали станува збор за имитативни, симболични, подвижни или пак друштвени игри.

Други активности кои се застапени во текот на денот се секојдневните активности за лична хигиена и активности во врска со правилата за однесување во различни ситуации. Особено, ќе им се посвети внимание на прошетките и игрите на воздух, набљудувањата и моторичките вежби кои се во корелација со секојдневните планирани дневни активности како и истражувачките игри и набљудувањата кои најчесто се реализираат во природа.

Со оваа Програмата за рано учење и развој се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз Стандардите за рано учење и развој, цели примери на активности, очекувани резултати и соработка со родители. Основни принципи на оваа програма се:

- Принцип на еднакви можности и почитување на различностите меѓу децата и принцип на мултикултурализам;
- Принцип на демократичност;
- Принцип на доминација и игра и принцип на поврзување со животната реалност;
- Принцип на активно учење и поттикнување на различни начини на изразување;
- Принцип на усогласеност со возрасните карактеристики и принцип на индивидуализација;
- Принцип на целосност и интегритет;
- Принцип на отвореност на воспитно-образовниот процес;
- Принцип на следење и поттикнување на детскиот развој;
- Принцип на развојно-процесен пристап.

Во текот на реализацијата на програмата ќе се настојува максимално да се почитува интересот на детето, користејќи актуелни и привлечни содржини, сето тоа во форма на игра и со издржана застапеност на сите дидактички средства и игровен материјал правилно вклопени во стимулативната занимална.

## ☺Воспитно образовна дејност

Програмата за рано учење и развој со деца од предучилишна возраст и оваа година ќе се реализира преку годишно, тематско, месечно и дневно планирање и реализирање на предвидените содржини. Предвидените активности ќе се остваруваат во центрите за учење распоредени во занималните во зависност од условите за работа со кои располага градинката. На воспитните тимови програмата нуди слобода во планирањето на активности со децата и можност да ги изразат сите свои креативни потенцијали и енергија.

Децата го минуваат времето во атмосвера која ги стимулира да оформуваат позитивни навики и вештини. Учат играјќи се со многубројни играчки и работејќи на разновидни задачи со своите другарчиња, при што ја зајакнуваат својата самодоверба. Децата се подготвуваат за на училиште, се чуствуваат пријатно, среќно затоа што играта е детска работа.

Оваа програма овозможува на децата да им помогнеме и да ги поттикнеме:

- Да бидат креативни;
- Да бидат истрајни и упорни;
- Да ја развиваат фантазијата;
- Да умеат да прават избор;
- Да размислуваат критички;
- Да умеат сами да ги откриваат и решаваат проблемите;
- Да се радуваат на своите достигања;

✌Да не се разочаруваат ако во нешто не успеат;
✌Да водат грижа за заедницата,за околината и природата околу нив.

## ☺ ЗДРАВЈЕ И МОТОРЕН РАЗВОЈ

Целокупниот раст и развој на децата претставува еден комплементарен процес во склоп на кој развојот се однесува на вкупнте промени кои настануваат во степенот на комлексноста на извршување на поедини функции и стекнување на одредени вештини при што се настојува да се оди од поедноставни кон посложени промени за совладување на нови вештини во движењето на телото, одржување на рамнотежа, воспоставување контрола на делови од телото и јакнење на сензомоторната координација кај децата.

Од сево ова произлегуваат и клучните вредности очекувани од децата на возраст до 6 години и тие се основа за раниот развој и раното учење кај децата и тоа:

- Физичка компетентност и добра физичка кондиција;
- Активно учество на децата во животната околина која ги опкружува;
- Способност за примена на здрави и безбедни практики во секојдневните активности.

За децата да имаат голема енергија и издржливост за активно учество во процесот на учење потребно им е добро физичко здравје. Моторниот развој кај децата треба да биде избалансиран бидејќи тој е поврзан и директно влијае на другите развојни области - развој на говорот, социоемоционалниот и когнитивниот развој.

Развојот на децата како важен процес се одвива преку следните субдомени:

- ***ГРУБ МОТОРЕН РАЗВОЈ*** со помош на кој децата се движат во просторот и воспоставуваат контрола на рамнотежата и координација на екстремитетите додека децата одат, трчаат, скокаат и се качуваат по скали.
- ***ФИН МОТОРЕН РАВОЈ*** со помош на кој децата постепено се стекнуваат со вештини за користење на дланките и прстите во изведување на прецизни моторни активности како што се: фаќање, закопчување, отворање, затворање, пишување, сечење и сл.
- ***ЗДРАВО И БЕЗБЕДНО ОДНЕСУВАЊЕ*** со помош на кое децата сваќаат и разбираат како активностите во текот на денот и безбедните практики влијаат врз нивното целокупно здравје и тоа преку активности поврзани со личната хигиена и примери за препознавање на штетни и опасни ситуации.
- ***СЕНЗОМОТОРЕН РАЗВОЈ*** со помош на кој децата се запознаваат со светот кој ги опкружува користејки ги сопствените сетила.

Превентивните мерки што секојдневно ги обезбедуваме на планот на здравствената заштита на децата се однесуваат на следните активности:

- Засилена хигиена на сите простории и редовна дезинфекција на работните површини и на играчките и другите предмети со кои детето секојдневно доаѓа во контакт;
- Често проветрување на просториите;
- Одржување на личната хигиена како на персоналот, така и на децата преку миење на рацете со антибактериски сапун (во дозери),
- Редовна дезинфекција на рацете на персоналот, родителите и други посетители со средство за дезинфекција,
- Доколку детето добие симптоми на грип за време на претстојот во градинка (зголемена телесна температура, повраќање, пролив, кашлање, омалаксаност и

сл.) веднаш да се изолира во соодветен просторсоба,да се повика родителот или член на семејството. Доколку почне интензивно да кашла, да му се стави на устата и носот маска.

- Доколку детето добие симптоми дома, да не се носи во градинка, да се побара лекарска помош и додека не оздрави да не се носи во градинка. Задолжително да се извести персоналот од што боледува детето. По лечењето родителот е должен да достави лекарска потврда (препорака за родителите) со која лекарот оценил дека детето е здраво и може да посетува градинка;
- Доколку детето е отсутно од градинка од некоја друга причина а не од болест, родителот треба да го извести персоналот за причината на отсуството;
- Уредно да се евидентираат отсутните деца од страна на воспитувачката-неговateлката на групата;
- Доколку член во семејството има сомнителни симптоми, да не се носи детето во градинка, додека не се направат консултации со лекар.

За спречување на ширењето на инфективните заболувања и вошливоста, при утринската тријажа (прием) се прави контрола и сомнителните случаи веднаш се изолирани од средината.

Водењето на здравствената документација и евиденција ќе биде редовна задача и грижа на воспитувачот и негователот во соодветната воспитна група. Сите прегледи: контролни и систематски, како и вакциналниот статус на децата, редовно ќе бидат евидентирани во Досието на детето. Во Досието ќе се внесуваат и сите останати податоци за психофизичкиот развој и здравствената состојба на детето од раѓање до поаѓање на училиште.

## ☺СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Луѓето како социјални суштества низ сите фази на нивниот живот воспоставуваат интеракциски односи со други луѓе од нивното опкружување. На ист начин формирањето на сопственото знаење за светот околу себе го формираат и децата. Токму поради тоа многу е значаен правилниот социо-емоционален живот на децата и истиот е поврзан со понатамошниот успех во животот. Овој процес започнува уште од најрана возраст во семејството на детето при воспоставување на првични социјални контакти со родителите, воспитувачите и другите возрасни лица. Колку ке биде правилен социоемоционалниот развој на децата зависи од квалитетот на овие социјални односи.

Социо-емоционалниот развој е носител на учењето на вредностите и видовите на однесувања кои се прифатливи за средината во која растат и се развиваат. Безбедната околина и позитивната интеракција со возрасните во текот на првите години од животот играат значајна улога во промоцијата на здрав социоемоционален живот и развивање на емоционални вештини за самоконтрола. Емоционалната компонента го поттикнува детето за самодоверба и доверба кон другите. Децата го конструираат сопственото знаење за светот околу нив преку разните социјални интеракции. Позитивните социјални односи се формираат главно кога децата го развиваат своето адаптивно однесување, кога се способни да се адаптираат во различни социјални средини и кога активно учествуваат во планираните групни активности.

Социјалната компетенција децата ја изразуваат преку емпатија со разбирање, чувствителност и почитување на сличностите и различностите. Клучните вредности кои се очекуваат од децата во предучилишната воздраст во социоемоционалниот развој се:

-Самодоверба и компетентност во интеракциите со околината и врсниците;
- Развивање на поим за себе;
-Способност за разбирање на сопствените емоции;
-Контрола на сопствените чувства;
-Позитивна емоционална сосотојба;
-Почит и разбирање на сличностите и различностите во заедницата;
-Развивање на социјални вештини во интеракција со врсниците и возрасните.

Во рамките на доменот социоемоционален развој се издвојуваат два субдомена:
-Социјален развој со кој детето воспоставува интеракција со социјалната средина и личностите кои го опкружуваат и
-Емоционален развој со кој детето ја развива перцепцијата за себе и своите емоции.

## ☺ПРИСТАП КОН УЧЕЊЕТО

Поаѓајки од фактот дека оваа програма е адаптирана за малите деца до 6 годишна возраст сите ние како појдовна основа го земаме фактот дека малите деца по својата природа се љубопитни и сакаат многу да истражуваат.Токму поради тој факт мора да создадеме добро осмислен амбиент кој што ќе ја поттикнува иницијативноста, љубопитноста и интересот кон учењето. Во сето тоа најголема и клучна улога имаат професионалците кои се вклучени во воспитно-образовните процеси во текот на раното детство и раниот детски развој. Создавањето на позитивен амбиент за учење ги стимулира децата да истражуваат, да решаваат проблеми, да покажуваат висок степен на иницијативност, да се поттикнува нивната љубопитност и да се охрабруваат да поставуваат прашања. Во таква средина децата развиваат позитивен пристап кон учењето кој е основа за понатамошен успех во училиште но секако и за понатамочниот живот во кој човекот постојано учи.

Секој воспитувач треба добро да знае како да ги мотивира децата да ги користат претходно стекнатите знаења и вештини бидејки развојот и негувањето на доменот пристап кон учењето остава траен белег во животот на секое дете а секое дете е посебна индивидуа и пристапот кон децата треба да е индивидуален со насока на развиванје на сите вештини и умешност на децата.

Едни од најважните вештини кои се развиваат во овој предучилишен период и ран детски развој се:

- поттикнување на љубопитноста и интересот кај децата преку учење на нови работи и стекнување нови искуства,
- развивање на иницијативност;
- стимулирање на упорност и истрајност во превземените активности;
- развивање на креативност и инвентивност и користење во секојдневните активности;
- развивање на рефлексија и интерпретација, односно детето да може да учи на различни начини од спостврените искуства.

## ☺ ЈАЗИК, КОМУНИКАЦИЈА И ТВОРЕШТВО

За да може секоја индивидуа во животот успешно да функционира во општеството потребно е усвојување на мајчиниот јазик и негово правилно користење.За развој на  сопствениот идентитет потребно е како основа да се има развивање на јазичките способности. Со самото раѓање на детето започнуваат и

говорниот развој и правилното усвојување на јазикот како комплексни процеси кои се условени од повеќе фактори. Со самото усвојување на јазикот секое дете усвојува еден комплексен систем на симболи кој го развива и усовршува во текот на целиот свој понатамошенживот.Неопходноста од усвојување на јазикот се гледа како потреба за изразување на своите мисли и чувства, но исто така е и неопходен за да можат да ги разберат другите лица со кои секојдневно комуницираат.

Токму затоа во раниот детски развој низ предучилишниот период мора да се стави акцент на стимулација и развивање на неколку вештини и тоа:
-Доживување на статусот на македонскиот јазик како државен јазик;
-Способност за слушање и разбирање на говорниот јазик;
-Правилно зборување и елоквенција;
-Збогатување на речникот;
-Развивање на комуникациски вештини;
-Создавање интерес кон печатени материјали;
-Препознавање на пишани симболи и букви;
-Изразување на своите идеи преку пишани симболи.

## ☺КОГНИТИВЕН РАЗВОЈ И СТЕКНУВАЊЕ НА ОПШТИ ЗНАЕЊА

Когнитивниот развој во предучилишниот период се однесува на стекнување на вештини на процена, критичост, решавање на проблеми, разбивање на правила и концепти како и визуелизација на можностите и последиците. Комплекс на ментални активности се вклучени во процесот на когнитивниот развој и тоа: откривање, истражување, презентирање, сортирање, класификација и менорирање на сите информации.

Сите деца воопшто не се разликуваат само по начинот на кој што ги стекнуваат општите знаења, туку и по начинот на кој што учат, паметат и разбираат.Токму поради тоа во целокупниот воспитно образовен процес тимот кој работи во секоја установа посветува големо внимание на начинот на кој што децата ги стекнуваат знаењата.

Стимулацијата на когнитивниот развој е основа за успехот кој што децата ќе го постигнат во понатамошниот образовен процес.

Когнитивниот развој зависи од степенот на развој на останатите области, пред се моторниот и социоемоционалниот развој. Клучните вредности на кои посебно се посветува внимание се:

-Способност на децата да размислуваат;
-Можност за стекнување и користење нови информации;
-Активно решавање на проблемите во зависност од развојниот стадиум;
-Развивање на критичко мислење.

Развојниот процес во доменот на когнитивниот развој се одвива преку:

-Логика и размислување, односно способност на децата да истражуваат и откриваат;

-Математика и броеви - преку развојот на математичките и нумеричките вештини се поттикнува развој на математичко изразување, развивање на логичкото размислување и решавање на проблеми, знаење за количина, бројки и броеви, како и способност за класификација и серијација.

-Наука –децата стекнувааат информации за средината преку набљудување и манипулација, ги набљудуваат и опишуваат карактеристиките на живиот свет и неживата природа.

-Уметност – уметничкото изразување е важна компонента во развојот на детската личност и детското искуство. Децата имаат можност на различни начини да ја развиваат својата фантазија и креативност и на тој начин учат како да ја изразат

својата индивидуалност своите интереси, способности и вештини.Тие на свој сопствен начин имаат можност да ги изразат своите чувства преку музика, театар, цртање и движење.

## ☺ Еколошко воспитување

Имајќи го предвид детето како дел од целокупниот еко-систем, целта на еколошкото воспитание и оваа година ќе биде правилно насочување на неговата комуникација со живата и неживата околина која го опкружува. За таа цел ќе биде реализирано следното:
☞Запознавање на детето со околината преку чести контакти со неа
☞Превземање конкретни еколошки акции (чистење и разеленување на дворот, уредување на занималната, одгледување различни растенија, грижа за животните и птиците, особено во зима, организирање еко – квизови и сл.)
☞ Разработување соодветни содржини (приказни, песни, драмски текстови, разговори и сл.)
☞Разговори со членови на разни еколошки друштва
☞Продолжување со разработка на стручна литература со кадарот кој работи со децата

Согласно со наведеното, еколошката свест ќе се развива на три нивоа:
☞Конкретно превземени еколошки мерки
☞ Воспитно-образовно делување врз децата
☞ Стручно усовршување на кадарот за воспитно-образовно дејствување на тоа поле.
Носители и реализатори на оваа дејност ќе биде воспитувачкиот кадар кој работи со децата, како и еко-координаторот и психологот.

И оваа воспитна 2020/2021 година се продолжува со имплементација на Програмата „Интеграција на еколошката едукација во Македонскиот образовен систем"(ОХО), препорачана од МОН на РСМ и Шветската агенција за развој и соработка, а врз основа на заклучоците од Владата на РСМ, за вклучување на еколошката едукација во македонскиот образовен систем, за што Министерството за образование и наука потпиша Меморандум за соработка со Шведската агенција за развој и соработка за поставување на целокупната програма „Немаме резервна планета", на институцијално ниво, да биде дел од задолжителната Програма за работа на градинките.

Целта на проектот е еколошка едукација на повеќе нивоа:
 Ниво на Совет на родители
 Ниво на воспитно-образовен кадар
 Ниво на вработени во установата
 Ниво на деца
 Ниво на општествено корисна заедница
 Ниво на општина
 Ниво на НВО
 Ниво на медиум
Во рамките на кои крајна цел на оваа програма е достигнување на статус на ЕКО – ГРАДИНКА.
Се спроведува во седум чекори:
 Формирање на ЕКО одбор
 Анализа на состојбата на животната средина
 План на активности
 Активности на мониторинг и евалуација на напредокот
 Поврзување со воспитно-образовната програма
 Вклучување на целата градинка и пошироката заедница

- Еко-кодекс

## ☺ КРЕИРАЊЕ СТИМУЛАТИВНА СРЕДИНА ЗА ИГРА И УЧЕЊЕ

Ако го следиме когнитивниот развој на детето кој се однесува на стекнување на вештини многу е важно воспитниот тим да создаде средина и атмосфера во занималната каде што децата ќе се чувствуваат слободни да го изразат сопственото мислење да веруваат во себе, во своите другарчиња, да соработуваат, да ги почитуваат останатите и да бидат среќни и успешни.

Воспитувачите треба да ја познаваат, разбираат и прифаќаат теоријата дека децата до 6 години учат најмногу низ игра.Кога воспитувачите целосно ќе ја прифатат оваа теорија за детскиот развој тогаш ќе бидат свесни и ќе знаат дека децата имаат потреба на прилагодување на средината – околината за игра и учење, а со тоа всушност и прават успешна стратегија за подобрување на индивидуалниот развој на секое дете.

Во занималните во градинката воспитно образовната работа од областите на социо-емоционален развој, моторички развој, физичко воспитание, здравствено воспитание, интелектуален развој, комуникација и творештво се реализираат во центрите за учење. Центрите претставуваат тематски структуриран простор во занималната кој на децата им овозможува да играат и учат на различен начин. Играта во центрите претставува таков вид на учење кој на децата им овозможува да ги изразат своите идеи, мисли и ставови, а на воспитниот тим да ја исполнат својата суштинска улога која се состои од давање помош и координација на играта. Овој начин на игра и учење им овозможува на децата постојано стекнување на комуникациски вештини, надминувајки ги при тоа конфликтните ситуации кои се случуваат како последица на различните размислувања потреби и интереси. Центрите секогаш се прилагодуваат на потребите на програмата, интересите на децата како и воспитно образовните цели кои воспитувачите ги имаат поставено за реализација.

### ✰ *Литературен центар*

Литературниот центар содржи сликовници, списанија, книги, детска литература и во овој центар се планираат активностите за слушње, читање и разгледување.Овој дел од занималната е тивок и во него децата можат мирно да разгледуваат и да користат се што им привлекува внимание. Во овој центар има или е пожелно да се постават перничиња, фотељи или клупи обложени со мек материјал за децата кога се наоѓаат таму да се чувствуваат пријатно.

### ✰ *Центар за манипулативни активности*

Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите интелектуални способности, ситната мускулатура и координацијата на окото и раката кои се многу битни за децата.

Во овој простор се организираат активности кои ќе им помагаат на децата да научат да спојуваат сродни предмети, да бројат, да класифицираат како и да вежбаат примена на математичката терминологија. Кога децата ги делат и позајмуваат дрвените коцки-форми, кога ги споделуваат и решаваат проблемите, тогаш децата ги развиваат своите социјални вештини. Како и сите претходни години така и оваа учебна година овој центар ќе се потрудиме да биде збогатен со нови тродимензионални форми во различни големини со кои децата ќе можат да прават свои реални или имагинативни структури како што се градби (згради, градови, дворови, фарми и сл.).Овој простор често пати е збогатен и со други играчки кои ги надополнуваат

идеите на децата како разни видови на животни, кукли, човечиња во мала големина кои придонесуваат за развој на нивните способности.

### ✰ *Уметнички центар*

Ако во некој центар најмногу се поттикнува креативното размислување тоа е центарот за уметнички активности. Во овој центар се врши поттикнување на креативното размислување и изразување, во овој центар се развиваат способностите за ликовно изразување, разрешување проблеми, вербално и невербално комуницирање, самопочитување како и развивање на ситната и крупната мускулатура на децата, нивните движења и интелектуални способности. Овој центар секогаш е активен дел од занималната бидејки тука се поттикнува најмногу детската креативност, се поттикнуваат да истражуваат, да се забавуваат со разни материјали и да доживуваат нови сетилни искуства. Како и секоја така и оваа учебна година овој центар ќе биде збогатен со нови материјали соодветни за него, природни материјали и материјали кои можат да се најдат во непосредната околина притоа правилно ќе се користат упатствата за користење на сретствата и материјалите со цел децата правилно да се развиваат и да ја изразуваат својата фантазија и креативност.

### ✰ *Семејно- драмски центар*

Центарот за семејно драмски игри е задолжително да го има во занималните за децата од предучилишна возраст. Воспитувачите и целокупниот тим за работа ги планира, дополнува и менува реквизитите што се користат за игрите на децата во овој простор. Различните реквизити од дидактички средства (сетови за миење, готвење, шишање, негување на хигиената и др.) можат да се менуваат на недели една недела еден, друга друг сет зависно од интересот на децата. Разновидните реквизити од сетовите им овозможуваат на децата да научат нови научни концепти од животот, да пробаат нова храна и да играат различни улоги имитрајки го секојдневниот живот надвор и во семејството. На овој начин преку активностите во овој центар децата полесно ќе можат да го разберат светот кој ги опкружува.

### ✰ *Научно- истражувачки центар*

Во центарот за истражувачки активности децата имаат можност да видат и откријат работи со кои досега не се сретнале и за кои воопшто и не размислувале.Тука децата ќе ги изведуваат своите експерименти и истражувања соодветни за нивната возраст кои ќе им овозможат да тргнат во научни истражувачки активности. Децата преку планираните активности од воспитувачките ќе можат да истражуваат за се она што ги опкружува но многупати истражувачката активност ги води и многу подалеку за теми кои се несекојдневни и чудни за нив како на пример: се за вселената, од каде доаѓа светлината и што е таа, каква е филмската лента и многу други. Планираните активности во овој центар многу пати е потребно да се изведуваат и надвор од занималните па така децата се судруваат и со уште еден предизвик да истражуваат и учат во непосредната околина надвор од градинката што за нив претставува голем предизвик и тие активности се доста интересни и многу ги сакаат.

### ✰ *Математички центар*

Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите сознајни и интелектуални способности.

Овој простор содржи игри коишто ќе им помогнат на децата да научат да спојуваат сродни предмети, да бројат, да класифицираат како и да вежбаат примена на математичка терминологија. Кога децата ги делат и позајмуваат дрвените форми, кога ги споделуваат и решаваат проблемите тогаш децата ги развиваат своите социјални вештини. И оваа година како и претходните овие катчиња ќе ги збогатиме со тродимензионални форми (коцки, квадари, конуси, пирамиди, цилиндри во разни големини) со коишто децата ќе можат да прават измислени или реални структури како што се згради, градови, фарми и зоолошки градини.

### ✰ *Центар за игра со конструктивен материјал*

Во конструктивниот центар се наоѓа разновиден градежен и конструктивен материја и во него доаѓа до израз љубопитноста, креативноста и иницијативноста на децата, што се согледува преку се она што децата успеваат да го искреираат и да го направат.
Активностите во овој центар им помагаат на децата да ги развијат своите сознајни функции, крупна и фина моторика, визиомоторна координација и праксичките вештини. Играјќи со дрвените форми децата ги решаваат проблем ситуациите и ги развиват своите социјални вештини.
Со игровниот материјал децата прават реални или измислени структури како што се згради, градови и други работи што децата ги замислуваат и придонесуваат да се развијат нивните способности.

## *6.* СЛЕДЕЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА И ЗГРИЖУВАЧКАТА ДЕЈНОСТ

Унапредувањето и следењето на згрижувачката и воспитно-образовната работа во ОЈУДГ„Весели Цветови„ Делчево ќе се реализира преку планот и програмата за работа на:

- Стручен совет
- Совет на воспитувачи
- Совет на негуватели
- Директор
- Стручни работници

### ☞ Стручен совет

Стручниот совет го сочинуваат директорот, стручните работници како постојани членови и преставници на вработените кои вршат стручни работи,по еден преставник од Советот на воспитувачи и Совет на негователи на ниво на градинка .
Во текот на годината тој ќе ги реализира следните задачи:

- формирање воспитно - образовни групи;
- разгледување на Годишна програма за работа на установата и посебни планови за работа;
- разгледување, следење и планирање на содржините од Развојниот план на установата;
- разгледување на актуелна стручна литература и периодика;
- разгледување и усвојување новини во работата;
- разгледување и усвојување, годишна програма за стручно усовршување на кадарот и работа на стручните тела;
- решавање прашања од витално значење за градинката и сл.

| Реден број | Содржина на работа | Време на реализација |
|---|---|---|
| 1. | - Извештај за работата во изминатата 2019/2020 год.;<br>- разгледување на Програмата за работа за тековната 2020/21 год<br>- разгледување на Развојниот план на установата;<br>- распоред на вработените по воспитни групи;<br>- формирање на групите;<br>- хигиена, листа на јадење, препораки од МТСП;<br>- прием на деца;<br>- процесот на адаптација на децата на градинката;<br>-подготовка на детето за поаѓање во градинка и процес на адаптација на градинката-консултативни средби со родителите;<br>-организирање на родителски средби во сите групи;<br>-8ми септември - активности за одбележување на празникот;<br>- Одбележување на празникот на градот;<br>-предлог активности за одбележување на Недела на детето;<br>-запознавање со активностите кои се реализирани со еко-програмата и активности кои ќе се реализираат во иднина;<br>-планирање на проекти и проектни активности и начинот на нивното реализирање;<br>-„Вредните детски рачиња„ – ликовна активност на децата и воспитувачите од групата од 2 до 3 годишна возраст ;<br>-"Покажи што знаеш„- квиз натпревар-децата од 5 до 6 години;<br>-"Ова сме ние„ – приредба на децата од 5 до 6 години по повод новата воспитна година;<br>- Одбележување на Денот на независноста на нашата татковина „8 Септември„ – учесници децата од сите воспитни групи;<br>-„Добро ни дојдовте другарчиња„ – приредба на децата од 5 до 6 години во присуство на децата од останатите воспитни групи;<br>-Одбележување на „Денот на таткото„ – презентери и учесници татковци на деца од група од 5 до 6 години; | Септември |
| 2. | -Користење на педагошки необликуван материјал во секојдневната работа со децата-обука за вработените;<br>-Важноста на сензорните игри и играчки - „-обука за вработените;<br>-Отпадот не е ѓубре - работилници со деца за изработка на играчки од педагошки необликуван материјали;<br>-распоред за реализација на активностите по повод Недела на детето;<br>-план за одбележување на 11 Октомври ;<br>-Активности за реализирање на проекти<br>-Разгледување на тековни прашања од воспитно-образовната сфера, организација на работа;<br>- „ Избираме играчка на месецот„ - натпреварувачка активност Активности, игри и забава по повод „Недела на детето„ во сите воспитни групи соодветно возраста на децата;<br>-"Трите мечиња„ – куклена претстава на децата од групата од 3 до 4 години;<br>-"Подари играчка„ – акција на родителите на децата од групата од | Октомври |

| | | |
|---|---|---|
| | 3 до 4 години;<br>-"Детските права„ – презентер воспитувач пред децата од сите воспитни групи;<br>- „Вежбањето е половина здравје„<br>-"Подарувам од се срце„ – работилница на децата и родителите од групата од 5 до 6 години и изложба на истите;<br>-Одбележување на „11 Октомври„ со пригодна приредба – учесници децата од сите воспитни групи. | |
| 3. | -спроведување на еко-програмата во градинката преку повеќе активности,<br>-„Важноста на сензорните игри и играчки за децата од предучилишна возраст„ обука за родителите;<br>-„Отпадот не е ѓубре„ - користење на педагошки необликуван материјал како игра и играчка„ - презентација и работилница<br>-„Улогата на сензорните игри во поттикнување на развојот на говорот „ -обука за вработените;<br>-„Дијабетесот насекаде околу нас „ -обука за вработените;<br>- Работилница за изработка на сензорни играчки од педагошки необликуван материјал и нивно користење со цел стимулација и интеграција на сетилата (слух, вид, мирис, вкус, допир, вестибуларно и проприоцептивно сетило);<br>-Есенски работилници на децата и родителите од сите воспитни групи<br>-"Погоди ја бојата„ – квиз натпревар помеѓу децата од 3 до 4 год<br>-"Делчево низ детските очи" – квиз натпревар во реализација на децата од 5 до 6 години;<br>-"Ајде драги дечиња земете кошничиња„ – настап на децата од групата од 4 до 5 години пред родителите, по повод испраќањето на есента;<br>-"Плодовите се многу важни„ – приредба на децата од 5 до 6 години пред децаста од сите воспитни групи. | Ноември |
| 4. | - договор за престојните Новогодишни празнувања;<br>-организирање работилници- Да ја украсиме нашата занимална со родителите;<br>-„Улогата на сензо-моторни игри во развој на моториката кај деца од предучилишна возраст„-обука за вработените;<br>-„Улогата на сензорните игри во развојот на говорот кај децата од предучилишна возраст „-обука за родителите;<br>-Изработуваме и играме со играчки за вежбање на артикулаторниот апарат.<br>-„Здрава Трпеза„-проект во соработка со родителите<br>-Зимата ладна капут ни скрои, ја обои градинката во Новогодишни бои„ – заедничка акција на децата и вработените во објектот за што поубаво украсена градинка<br>-„Подготовка за зима„ – активност во реализација на воспитувач;<br>-"Вредните раце на бабите„ – работилница за изработка на украси, учесници децата и бабите од групата од 5 до 6 години –<br>„Видов, доживеав, насликав„- ликовно ателје на децата од групата од 5 до 6 години | Декември |

| | | |
|---|---|---|
| 5. | -анализа на реализираните воспитно-образовни активности во изминатиот период;<br>-текот на реализација на еко-програмата ;<br>-Бадник и Божиќ наша традиција - активности во кои ќе учествуваат гости пензионерки; | Јануари |
| 6. | -разгледување на тековни прашања од сите области од работењето на градинката;<br>-соработка со ЛС и вклучување во активностите кои ќе се реализираат за време на денови на екологијата;<br>-договор за активности со кои ќе се одбележи ден на мајката<br>- работилници со родителите,<br>-пролетна приредба;<br>-„Дијабетесот насекаде околу нас„-обука на родителите<br>-Работилница за стекнување вештини за контрола на бесот. | Февруари |
| 7. | -Поздрав до мајката- работилници;<br>-пролетни приредби;<br>-едукативни родителски средби;<br>-еколошки активности во соработка со ЛС;<br>-учество на априлијада;<br>-тековни прашања од работата на градинката;<br>-„Сензорна интеграција„ - обука за родителите;<br>-Правиме необична играчка - работилница за развој на имагинација и креативно мислење. | Март |
| 8. | -анализа на реализираните проектни активности;<br>-планирање на активност од сообраќајно воспитување-јавен час;<br>-подготовка на сценарио за звршна приредба , потреба од гардероба и реквизити;<br>-едукативна работилница со родителите ;<br>-хуманитарна активност;<br>-работилници за вработените и родителите за подготовка на велигденски базар;<br>-„Важноста на играта и играчките – карактеристики на добра играчка „- обука за родителите;<br>-Моторните игри и моторниот развој;<br>-„Зрелост на децата за поаѓање во училиште„- обука за родители | Април |
| 9. | -завршна приредба;<br>-„Превенција и Корекција на најчестите деформитети кај предучилишни деца„- обуки за родители | Мај |
| 10. | -анализа на реализираните активности од сите области во текот на годината;<br>-воспитно-образовна работа,соработка со родителите, соработка со пошироката средина. | Јуни |

## ☞*СОВЕТ НА ВОСПИТУВАЧИ*

Воспитувачките од установата го сочинуваат советот на воспитувачи, како и секоја претходна така и оваа година на редовните состаноци и средби континуирано се согледуваат разни проблеми, прашања, потреби и програми од различни области кои произлегуваат од специфичноста на работата но и од актуелностите кои се појавуваат секојдневно.

Воспитувачките се должни:

- Да водат педагошка евиденција- дневник за работа и дневно планирање;
- Секоја година да изготвуваат тематско планирање на воспитно образовната работа според возрасни групи;
- Тековно да организираат родителски средби и работилници по определени теми важни за правилен развој на детето;
- Да изготвуваат и реализираат план на активности кои се предвидени да се реализираат по повод одбележување на „Недела на детето" и други позначајни планирани датуми;
- Да учествуваат на работни средби со воспитно-образовните тимови на ниво на градинки од повеќе градови;
- Да го планираат и реализираат културно – забавниот живот, приредби, прослави и детски манифестации;
- Да организираат натпреварувачки игри, заеднички игри на родителите, децата и воспитно- згрижувачкиот кадар,
- Да вршат проценка на степенот на реализација на содржините од воспитно-образовната работа.
- Воспитувачите се должни даги почитуваат протоколите за работа од МТСП и интерниот протокол за воспитувачи со цел поголема заштита и спречување зараза со коронавирусот.

Советот на воспитувачи редовно треба да одржува консултативни состаноци и разговори со родителите, стручната служба и директорот како:

- Консултативни разговори со стручната служба, родителите и директорот за развојните карактеристики на поединецот и групата во целина од сите аспекти за полесна адаптација на децата;
- Согледувања и размена на согледувања на воспитувачите и родителите за постигнатите резултати во развојот на децата;
- Известување за новоизлезена литература, разговори и консултации за користење на истата;
- Меѓусебни консултации на воспитно – згрижувачкиот кадар, психолог и Директор за организација на сценско- драмските изведби;
- Консултации со родители, Директор за подготвеноста на децата за поаѓање во училиште.

## ☞План за работа на Советот на воспитувачи и за стручно усовршување на воспитувачите за воспитната 2020/2021година

Советот на воспитувачи го сочинуваат воспитувачите, директорот, психологот, логопедот. Еднаш неделно наизменично ќе имаат средби и консултации. Тие ќе ги опфатат следните програмски содржини:

- Планирање и програмирање на содржини во рамките на тематското планирање;
- Унапредување на воспитно-образовната работа – иновирање нови форми и методи за работа со децата;
- Изготвување на нагледни средства и материјали за непосредна работа;
- Следење на најновите достигнувања од областа на предучилишната педагогија и развојната психологија;

- Иновирање на модели на воспитно-образовна работа преку интегрирање на содржините, методите и формите на работа со посебен акцент на вкупните развојни потенцијали на детето;
- Планирање на соработка со родителите со цел воспоставување континуитет меѓу семејството и институционалното воспитување на детето;
- Планирање на соработка со пошироката социо-културна средина;
- Планирање и реализирање на содржини за стручно усовршување на воспитниот кадар.

За стручно усовршување на воспитниот кадар по активи, во воспитната 2020/2021 год. Ќе се разработуваат теми од областа на предучилишното воспитание и образование. Теми одбрани од самите воспитувачи и презентери и стручен тим интересни и доста корисни за нивната работа со деца:

- Организација и ефективност на квалификационата дејност во детската градинка
- Вреднување на воспитно-образовната и згрижувачката работа во детската градинка
- Аутизам (приказ на случај)
- Тимско следење на дете со пречки во развојот
- Индивидуална работа со дете со хиперактивно однесување
- Дислалија-најчести артикулативно растројства во предучилишна возраст
- Логопетска работилница „Си играме со гласовите„
- „Алергии во детска возраст„ -презентер лекар
- Улогата и значењето на детската литература во развојот на детската личност
- Функцијата на детската игра во физичкиот, интелектуалниот, општественоморалниот и естетскиот развој на детската личност
- Работни навики кај децата во предучилишното воспитание
- Семејството и предучилишната установа во улогата на воспитанието и образованието на предучилишните деца
- Улогата на слободните активности во работата со деца на возраст од 3 до 4 години
- „Надарено дете„ -теоретско предавање од воспитувач
- Социо-емоционален развој кај децата од предучилишна возраст
- Значењето на комуникацијата за развојот на човекот
- Првите три години и градинката
- Реституцијата како метод на себевоспитување
- Ликовно воспитание во функција на потикнување и развивање на креативни способности кај детето
- Современи трендови во воспино-образовната работа во предучилишните установи
- Избор и изготвување на Предлог Програма за формирање на работни тимови на воспитувачи во делот, тим за творечка работа, тим за ликовно осовременување на сцена, тим за сценографија, тим за изработка на сценарија, тим за организација на јавни настани.

## ☞СОВЕТ НА НЕГОВАТЕЛИ

Советот на негователи го сочинуваат сите негователи од установата и тој во текот на целата воспитна година има задача да решава прашања од згрижувачкиот и превентивно-здравствен карактер. Во текот на целата година тие ги реализираат следните задачи.

- Унапредување на згрижувачката дејност;
- Грижа и превентивно-здравствено делување кај децата;
- Правилна исхрана – значаен фактор за правилен развој на децата;
- Правилно држење на телото (откривање и укажување за забележани неправилности);
- Санитарно-хигиенски услови во занималните.

Покрај горе наведеното Советот на негователи ќе одржува консултативни разговори со родителите, стручната служба, директорот и по сопствено согледување ќе планира и дава предлози за потреба од организирање на предавања по различни актуелни теми од стручни лица за таа проблематика се со цел унапредување и подобрување на згрижувачката работа во градинката.

Стручните совети ќе обработуваат теми од превентивно-здравствен карактер, исхраната на децата, емоционалниот развој на децата, развој на културно- хигиенските навики кај децата, развој на воспитно-образовниот потенцијал кај децата, развој на моториката, непосредна работа со децата на полето на развивање на логичкото мислење преку организирање на истражувања и активности.

За унапредување на згрижувачката работа се планираат активности кои ќе се реализираат преку индивидуални и колективни форми на работа.

Индивидуалната соработка ќе ги опфака секојдневните средби на советите со давање насоки за реализирање на одредена тема или активност, користење на стручна литература и нагледност. Додека колективниот начин на соработка се реализира преку стручни средни на ниво на градинка, преку тематско планирање на нови содржини, посети и манифестации и работилници со други градинки ширум Македонија и пошироко се со цел на размена на искуства и збогатување на познавањата на работата со различни материјали и техники за изработка на нагледни средства. Секако тука е и учеството на различни семинари и пренесување на стекнатите сознанија пред колегите и секако учество во најразлични проекти се со цел унапредување на воспитно образовната работа и позитивно дјствување на развојот на децата во предучилишниот период.

Негователите се должни да ги почитуваат протоколите за работа од МТСП и интерниот протокол за воспитувачи со цел поголема заштита и спречување зараза со коронавирусот.

## ☞ План за работа на Советот на негуватели и стручно усовршување на негувателите

Советот на негователи го сочинуваат сите негователи, директорот, психологот, логопедот. Во текот на оваа воспитна 2020/2021 година ќе се стави акцент на згрижувачко-воспитен и превентивно-здравствен карактер.

Посебно внимание ќе се посвети на улогата на негувателките во планирањето и реализирањето на воспитно-образовниот процес, како и планирање на работата во воспитните групи на возраст од 0 до 2 години.

Задачи на Советот на негуватели во текот на оваа година ќе бидат следните:

- Преземање мерки за превентивна здравствена заштита на децата

- Грижа околу условите за прием, престој и испраќање на децата
- Планирање на игровните активности со децата од 0 до 6 годишна возраст според Програмата за ран детски развој
- Континуирано планирање на игровни и слободни активности во текот на попладневните часови
- Изнаоѓање на практични начини за поттикнување и стимулирање на социоемоционален, моторен, интелектуален и сознаен развој на децата од најрана возраст
- Стручно усовршување на кадарот и разработка на стручна литература
- Водење на педагошка дукументација.

Главни принципи врз кои се темели работата на негувателите во групите од 0 до 2 и од 2 до 6 годишна возраст се следните:

- Создавање на средина во која децата ќе престојуваат и која треба да ја поттикнува нивната љубопитност и да биде во согласност со нивните физички и емотивни потреби
- Заедничко делување на семејството и предучилишната установа во поттикнување на развојот и раното учење кај децата
- Почитување на индивидуалните потреби, интереси и можности на секое дете
- Децата најдобро учат преку игра, играта треба да се прифати како инструмент за учење.

Стручното усовршување на згрижувачкиот кадар ќе се реализира преку следните теми:

- Организација и ефективност на квалификационата дејност во детската градинка
- Вреднување на воспитно-образовната и згрижувачката работа во детската градинка
- Аутизам (приказ на случај)
- Тимско следење на дете со пречки во развојот
- Индивидуална работа со дете со хиперактивно однесување
- Дислалија-најчести артикулативно растројства во предучилишна возраст
- Логопетска работилница „Си играме со гласовите„
- „Алергии во детска возраст„
- Улогата и значењето на детската игра и играчките за правилен развој на децата
- Играњето е посебен облик на изразување
- „Соработката на установата за деца со родителите и локалната средина„ - интерна обука со надворешен обучувач
- „Асертивната комуникација како фактор за подобрување на работата на установата за деца„ -интерна обука со надворешен обучувач.

## ☞*ИНСТРУКТИВНО – СОВЕТОДАВНА РАБОТА*

Во овој дел се планирани активности од стручно – педагошкото подрачје:

- Формирање на сите органи и тимови според стручна шема и давање упатства за подготовка на програми за работа;
- Подготовка на програма и операционализација на истата за работа на стручниот тим;
- Континуирано следење и консултативни разговори со негувателите и воспитувачите;

- Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачката работа со децата;
- Консултации за перманентно стручно усовршување, семинари и едукативни работилници за подобрување и усовршување на дејноста.

## 7.СТРУЧНО – ПЕДАГОШКО УСОВРШУВАЊЕ НА КАДАРОТ

Создавањето на услови и можност за стручно усовршување на вработените ќе им даде можност да развијат разни вештини кои се потребни за унапредување на работата, модернизација и постигнување подобри резултати. Во овој дел ќе работиме на:

- Набавка и користење на домашна и странска стручна литература;
- Интерно стручно усовршување за користење на современи форми и методи на работа;
- Учество на семинари, трибини, советувања, работилници и слично организирани од стручни институции;
- Размена на искуства и мислења за работа со организирани средби на воспитувачи и вработени во институции во државата и надвор од неа;
- Обука на вработените за работа И.К.Т

## ☞АНАЛИТИЧКО – СТУДИСКА РАБОТА

Аналитичко-студиската работа ќе ја реализираме со:

- Давање на приоритетни задачи и работа на нивна реализација;
- Анализа на сите планирања во установата;
- Подготовка на извештаи и анализи за сработеното и нивно презентирање;
- Работа на специфични проблеми и прашања врзани за дејноста;
- Анализа на работењето како и на реализацијата на Програмата за ран детски развој базирана на Стандардите за рано учење и развој и Програмата за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна;
- Следење и анализа на месечната потрошувачка за исхрана на детето со цел да се утврди цената на чинење на услугите за престој на детето во Установата;
- Имплементирање на нови методи и форми за привлекување на деца за посетување на детската градинка;
- Следење и анализа на табели и прегледи за бројот на запишани и отпишани деца, присуство и отсуство на децата и исполнетост на капацитетот со предлог мерки за евентуални корекции во однос на одржувањето на бројната состојба на децата по воспитни групи.

## ☞ *ПЛАН И ПРИГРАМА ЗА РАБОТА НА ДИРЕКТОР*

**Современите воспитно- образовни тенденции** во светот а од таму и кај нас, сакале ние или не, се рефлектираат во унапредување на воспитната работа со децата. Сознанијата од областа на педагошката теорија и практика, императивно ја наметнуваат потребата од позитивни промени и во нашиот воспитно-образовен систем, кои, пред се, се огледуваат во позитивните поместувања во технологијата на воспитно-образовниот процес. Тука пред се, се мисли на менувањето на улогата и позицијата на воспитувачот и детето, како и воведување на нов дидактичко – методички приод во технологијата на воспитно образовниот процес, кој треба да

резултира со современа, флексибилна, динамичка, мотивирачка и креативна средина за воспитно-образовно делување.

Сите овие сознанија не упатуваат на **заклучок** дека оваа потреба од промени, покрај другото, е главен приоритет на кој треба да работи директорот во детската градинка.

## ☞ОТВОРЕНОСТ КОН ПРОМЕНИТЕ

Имено, една од битните одлики на целокупниот систем на воспитание и образование треба да биде отвореноста кон промените, бидејќи тоа е едно од барањата кои ни го наметнува современиот начин на работа.

Отвореноста кон промените наметнува потреба од осовременување на воспитно-образовната програма и модернизација на техничко-технолошката основа на која се темели воспитно-образовниот процес. Сега повеќе не е можно изготвување на програма која ќе биде во функција повеќе години, поради брзината на промените кои се случуват во нашето опкружување, програмите мора да се менуваат брзо, **да се следат новините**, вклучувајќи ги при тоа во себе најновите и употребливи знаења и истовремено исклучувајќи го сето она што е старо и неупотребливо.

Пример за тоа е и донесувањето на новата **Програма за рано учење и развој,** која е објавена во Службен весник на РМ, бр. 46 од 06.03.2014, а започна да се применува од 01. 09. 2014 год.

Со оваа програма се уредуваат теоретските основи и принципи за рано учење и развој базирани врз **Стандардите за рано учење и развој.** Примената на новата Програма претпоставува и големи промени во воспитно-образовната практика, како во однос на дидактичко-методската организација, така и во однос на педагошката документација и употребата на дидактичките средства. Затоа една од **основните задачи** ќе биде и олеснување на процесот на прилагодување и примена на новите тенденции, преку континуирани обуки, стручна поддршка, поттикнување на креативност и иницијативност кај сите кои учествуваат во нејзино реализирање.

Денес,градинката која е составена од високо стручен и професионален кадар, се повеќе станува место каде што детето може, интегрирано во група, да ги збогати и усоврши своите искуства, да се соочи со нови реалности и да ги култивира позитивните особини на својата личност. Значаен придонес за ова ќе се постигне со почитување на принципите на кои се базира новата **Програма за рано учење и развој,** кои го претпоставуваат развојот на детето и негово формирање во личност.
Тој развој ќе му помогне на детето послободно и полесно да го премости преминот од предучилишното кон основното образование.

Друг важен момент во **унапредувањето на воспитно образовната дејност** во предучилишното воспитание и образование во Република Северна Македонија, претставува и процесот на децентарализацијата на јавните установи за деца, од која се очекува да предизвика еден нов процес на промени на повеќе нивоа и во повеќе сегменти, се со цел градинката да стане место која ќе го поттикнува и обезбедува индивидуалниот развој на децата и воспитувачите, ќе ја развива свеста за правата и одговорностите, ќе го негува меѓусебното разбирање и почитување и ќе работи по високи етички стандарди. Децентрализацијата дава одлична можност за поквалитетно реализирање и развивање на специфичностите на детската градинка во зависност од средината во која се наоѓа.

**Детската градинка „Весели Цветови"**се наоѓа на идеална локација во на нашиот град со можност за доградба и пршириување па затоа сметам дека има големи можности за квалитетно и непречено одвивање на целокупната работа. Планирам повеќе активности за нејзино збогатување и проширување преку вклучување во

соодветни **проекти** кои се одвиваат во рамките на Општината во соработка со други институции од Република Северна Македонија и надвор од неа а посебно со нашиот најблизок пријател Р.Бугарија со прекугранична соработка и искористување на различни фондови од Европската Унија.

Соочувајки се со реалноста на коронавирусот директорот е должен да обезбеди безбедни услови за работа на врабоените и престој на децата согласно дадените протоколи од МТСП и Министерството за Здравство.

Директорот перманентно и континуирано ќе учествува на обуки и предавања од сите обасти на работење во установата кои се реализираат во државата и надвор од неа со цел да биде современ и подготвен за предизвици менаџер на установата.

## 8. ПРОЦЕНКА НА ПОТРЕБИТЕ НА ГРАДИНКАТА

Во современите услови на живеење како императив се наметнува потребата од модернизација на воспитно-образовниот процес, во Детската градинка. При тоа, како основна цел се наметнува потребата од задоволување на потребите, интересите и можностите на современото дете.

Согласно новите програмски барања, воспитно-образовните активности во просториите за учење треба да се реализираат во центри за учење. Центарот за учење претствува тематски структуриран простор којшто на децата им овозможува да работат на различен начин и при тоа да се реализираат индивидуалните и групните цели на учење. Материјалите за учење во центрите треба да стимулираат активно и конкретно истражување, при што ќе доминира методот на игра. Во секој центар треба да има соодветни материјали што ќе одговараат на индивидуалните потреби и стилови на учење. Сето ова придонесува и потреба од осовременување на просторните услови и дидактичко-методските компоненти.Во тој поглед ќе направиме проценка и секако план и реализација за средување на условите во градинката.

- Санирање на санитарните чворови за деца и вработени во Објект број 1 поради нивна дотраеност и несоодветните услови.
- Лакирање на паркетот и замена на прозорците и вратите во Објект број 1
- Инвестирање во насока на промена на мебелот и плакарите во занималните и ходниците
- Промена на теписони во двата објекти на градинката
- Поставување на венецијанер завеси и надворешни ролетни каде што е потребно.
- Промена на осветлувањето во двата објекти со штедливо лед осветлување
- Одржување и уреденост на тревните површини и поставување на песочници за игри со песок
- Засадување на ново семе трева
- Засадување на садници од цвеќиња
- Засадување на грмушести растенија
- Одржување на постоечко засадените растенија
- Поставување на дидактички материјали соодветни на дворната површина.

**По однос на опремувањето на ентериерот во објектите, ќе се превземат соодветни мерки и тоа:**

- Набавка на елементи за различни центри и конструктивен материјал(дрвен и пластичен).
- Набавка на детска литература за богатење на литературниот центар.
- Набавка на раквизити за спортски активности за салите во сите објекти
- Дидактичко опремување на занималните

- Градинката во соработка со Совет на родители ќе реализира акција за поттикнување на донирање на поголемите правни субјекти за доброто на децата и иницијативата на родителите за донирање на играчки, сите со проверен квалитет.
- Предвидена е набавка на нови литературни наслови, прирачници, сликовници, приказни и драмски текстови,а по потреба и енциклопедии за деца од различен вид, книги со детски игри и сл.

**Во основата на нашата дејност секојдневно ќе се спроведува:**

- Редовно проверување на просториите
- Редовно менување на постелнина на децата
- Разговори со родителите по однос на одржување на хигиената и здравјето
- Разработување на содржини со соодветна проблематика
- Редовно миење на рацете на децата
- Редовна работа и почитување на Протоколот за заштита од КОВИД19.
- Заедничко одржување на хигиената во просториитеи предметите во нив.
- Следење, воведување и почитување на насоките од страна наМинистерството за здравство и подрачниот санитарен инспектор
- Реализација и имплементација на низа проекти одобрени и понудениод страна на МТСП на РСМ во насока на одржување на оралното здравје кај децата, јакнење на културнохигиенски навики и сл.
- Имплементирање и изработување на акциони планови во установата во насока на обезбедување, планирање и насочување на работата на секој учесник во воспитно-образовниот процес во услови на екстремно високи или екстремно ниски температури во лето односно зима, се во интерес на здравјето на децата но и на возрасните, родителите, вработените и сл.
- Стручно усовршување на воспитно-образовниот и згрижувачко-воспитниот кадар за поттикнување на физичкото и психичкото здравје кај децата.
- Со цел да се развијат кај децата навики за следење на културните збиднувања, за учество во нив, потоа навики за спортско и рекреативно искористување на слободното време, ќе бидат спроведувани, покрај редовните и следниве активности:
    - Учество на ликовни изложби со ликовни творби на децата во и вон градинката
    - Организирање средби со деца неопфатени во градинката преку ликовни работилници, литературни активности и сл.
    - Средби со ликовни и драмски уметници, со писатели и др.
    - Организирање и следење куклени и драмски претстави
    - Учество во приредби по повод празници во и вон градинката
    - Учество во различни други прослави на празници и родендени
    - Организирање проекти во околината на градинката и подалеку
    - Користење на спортски реквизити и редовни гимнастички вежби
    - Литературни и други активности
    - Посети на фабрики и други значајни објекти
    - Разговори со децата за културните збиднувања во градот и за нивното слободното време
- Установата ќе пристапи кон реализација на дополнителни Програмски активности, но на база на самофинансирање од страна на родителите кои имаат желба нивното дете да биде дел од овие активности. Во претстојниот период установата ќе продолжи со реализирање на активности од типот:
    - Спорт и спортски активности

- ❖ Странски јазик
- ❖ Театарски претстави

♦ За успешна реализација на Програмата:

- ❖ Стручниот совет на градинката ќе се состанува еднаш месечно, а некогаш по потреба и повеќе пати во месецот.
- ❖ Активите на воспитувачит ќе се состануваат со педагогот и дефектологот неколку пати месечно, а состаноците и активностите претходно ќе бидат подготвени и осмислени од страна на психологот на градинката
- ❖ Еднаш неделно директорот, психологот, логопедот и воспитувачите наизменично ќе имаат средби и консултации.

Директорот на Установата своите ангажирања ќе ги насочува кон целосно реализирање на програмските задачи, а воедно ќе биде и главен организатор и координатор на целокупната дејност на детската градинка. Директорот работата ќе ја реализира во рамките на Законите,задачите и надлежностите кои се утврдени со Статутот и актите на Установата. Приоритетна цел за која ќе се залага Директорот ќе биде стучно и ефикасно водење на целокупната работа на Установата од секој аспект, комуникација со Градоначалникот и МТСП во однос на изнаоѓање решение за простор за прифаќање на што поголем број на деца кои моментално се на листа на чекање, со тоа и отворање на нови воспитни групи, нови вработувања.Максимално ќе се посвети на подобрување на стандардот на децата и на вработените во Установата и на изнаоѓање различни начини преку проекти, спонзорства и донации, кои ќе имаат за цел да го подобрат животот на децата во Установата. За реализирање на горенаведените цели, како и остварување на целокупната дејност во градинката, Директорот ќе се раководи од следниве принципи, кои ќе бидат приоритет во работењето:

- ♦ хармонизирање на работата на кадарот, распоредување на работата и работните задачи и подеднакво оптоварување на вработените.
- ♦ поттикнување совесност и одговорност во процесот на извршување на работните задачи од страна на сите вработени, со целисходна и јасна ориентација во остварувањето на дејноста.
- ♦ мотивирање на згрижувачкиот и воспитниот кадар, како носители на дејноста, во зголемено ангажирање за постигнување на поголеми резултати во реализацијата на воспитно-образовниот процес.
- ♦ максимално искористување на стручните потенцијали на вработените и создавање услови за натамошно стручно усовршување на истите.
- ♦ принцип на чесност и работливост во раководењето.
- ♦ почитување на детската личност од секаков аспект и забрана на било каков вид на дискриминација на децата кои веќе престојуваат во градинката.
- ♦ создавање услови за оптимален развој на детето, на физички, социјален, емоционален и интелектуален план.
- ♦ почитување на индивидуалните разлики кај децата во степенот на развој на способностите и интересите.
- ♦ создавање на здрава емоционална клима и работна, стимулативна атмосфера меѓу вработените и родителите, кои претставуваат важен партнер и фактор во релацијата дете - градинка.

**Во однос на концепциско-програмската работа, Директорот ќе ги реализира следниве активности:**

- ♦ Спроведување на мерки за реализирање на Законот за заштита на деца.

♦ Изготвување на Годишна програма и Годишен извештај за работата на градинката и предлагање пред Управниот одбор, изготвување и на други видови програми и планови, и утврдување проекции за развој и работа на градинката и преземање мерки за нивна реализација.

♦ Учество во изготвување на Финансов план и Финансов извештај и предлагање до Управниот одбор, Советот на Општината, Министерството за Труд и Социјална политика и Министерството за финансии.

♦ Непосредна контрола и примена на мерките за заштита при работа, предвидени со закон и обезбедување услови за поголема безбедност на децата и вработените во Установата.

♦ Обезбедување услови за организација на правилна исхрана на децата, поаѓајќи од енергетските потреби и нормативите предвидени од МТСП,

♦ Обезбедување кадровски услови за нормално одвивање на дејноста во текот на годината.

♦ Редовно учество на седници на Управен одбор во однос на негово информирање за состојбата и застапувајки ја Установата, реализирајќи ги одлукитеви заклучоците, донесени по разни основи;

♦ Редовна контрола над работата на административно-финансиско работењена градинката;

♦ Учество во изготвување на тендерските документации, за успешно реализирање на Планот за јавни набавки во Установата;

♦ Следење, контрола и надзор при изготвување на листата за исхраната за децата како и редовна контрола на артиклите од кои таа се подготвува;

♦ Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно-образовната и згрижувачко воспитната работа со децата;

♦ Непосредно учество во комисиите и директна реализација на Програмата за тековно и инвестиционо одржување, со цел да се подобри безбедноста на објектите и престојот на децата во нив;

♦ Надзор и контрола врз работата на сите вработени со донесување на соодветни одлуки решенија и наредби со кои се решаваа определени прашања,права и одговорности на вработените;

♦ Раководење со стручните органи преку иницирање на активности за решавање на определени прашања и подготвување материјали, почитувајќи ги законските прописи;

♦ Активно ангажирање во насока на афирмирање и презентирање на Установата пред надворешната јавност, како пример за успешна и добро реномирана градинка .

♦ Донесување одлуки и решенија согласно Законот за Заштита на Децата, Законот за работни односи,Законот за вработени во Јавен сектор и Закон за јавни службеници.

♦ Создавање услови и материјални средства за реализирање на програмата за тековно и инвестиционо одржување.

♦ Давање мислења и предлози за унапредување на воспитно- образовната и згрижувачко воспитната работа со децата.

♦ Перманентно иницирање и спроведување аналитики од најразличен тип со цел, следење на состојбите и ново настанатите ситуации.

♦ Подготвување извештаи и информации до органот на управување и други државни органи и инстутуции.

♦ Организација, надзор и обезбедување на сите услови за доследно спроведување на Протоколот за заштита од КОВИД19.

Имајки го во предвид фактот дека **основната цел** на градинката е пред се професионалниот пристап во воспитанието и образованието на децата во текот на раниот развој, како и уважување и задоволување на потребите на родителите, децата и вработените, како и фактот дека градинката дава особен и свој придонес во одржување на професионалноста и континуитетот во остварување на успеси во работата, клучен фактор во работата на директорот е да придонесе за:

- Јакнење на чуството на сигурност и стабилност на вработените во остварувањето на работата и работните задачи;
- Создавање перспектива на вработените за остварување на зададената цел;
- Поттикнување на вработените за тимска работа.

## ☞ План и програма за работа на логопедот

Во соработка со воспитно-згрижувачките тимови и родителите на почетокот од учебната година ќе направи преглед најпрво на децата од 5- 6 годишна возраст, а потоа и на децата од 4-5 годиша возраст, ќе детектира потреба од логопедска помош и подршка, ќе ги извести воспитните тимови и родителите и ќе започне со:

**Дијагностика на растројствата на говорот и гласот:**

- да ги утврди состојбите на гласовите
- идентификација на растројствата
- откривање на природата на растројствата
- утврдување на можностите за рехабилитационо- корекционен третман.

**Корекции на гласот и гласообразувањето:**

- механични и функционални дислалии (dyslalia), кои преставуваат фонетски и фонематски пречки во тесна и широка смисла;
- пелтечење (disartriaspastica) (balbuticio) со тонично- клоничен или комбиниран облик;
- пореметување на ритамот на говорење (bradilalia и tahilalia);
- логопати со лесни артикулативни растројства и логопати кај кои говорното растројство е резултат на пареза на артикулационите мускули (disartriapsevdobulbaris);
- деца со расцепи на мекото и тврдото непце (rinolaria);
- деца кај кои доаѓа до губење на говорот и јазикот кој порано постоел (aphazia);
- деца кај кои воопшто не е развиен говорот (alalia).

**Образувањето на гласот и рехабилитација во областа на говорот и гласот:**

Работните задачи во третманот се :

- корекција на нарушени гласови
- диференцијација на блиски или парни гласови
- добивање комплетна реченица
- гласова осветливост- распознавање на гласовите во зборовите
- изведување разни сетилни и говорни стимулации
- општа психомоторна реедукација за следење и поттикнување на психофизичкиот развој на детето
- вежби за дишење, релаксација

- музикотерапија
- стимулирање и обогатување на речникот на детето
- стимулирање на активниот комуникациски говор преку одредени содржини предвидени во програмата
- обновување и дополнување на искуствата на децата за своето тело, ориентација во простор, ориентација во време и место.

Децата кај кои се откриени пречки во говорот ќе бидат вклучени во логопедски третмани.

Индивидуалниот третман трае од 20 до 25 минути, а групниот третман 45 мин.

Логопедот работи во согласност со програмата на воспитно- згрижувачката дејност во ОЈУДГ „Весели Цветови"- Делчево.

## ☞План и Програма за работа на психологот

Воспитно-образовната 2020/2021 година ја започнуваме со неизвесноста за состојбата со глобалната пандемија на КОВИД-19. За жал детската градинка не ги згрижува дечињата веќе 6 месеци. Најавите за почеток со работа со себе предвидуваат посебни протоколи кои ќе донесат темелни промени во работата воспитниот и негователскиот кадар во градинката.

Ние како персонал кој не беше во можност да работи на своите работни места, воспитно-образовната 2019/2020 ја завршивме со сега популарното online работење (online настава). Секако изменетиот начин на работа донесе извесни последици кај персоналот, а новите строги протоколи за воспитно-образовната 2020/2021 година јас како дипломиран психолог следејќи ги глобалните сознанија и трендови очекувам дека кај персоналот во детската градинка ќе предизвика извесен степен на анксиозност, депресивност, намалена мотивација за работа... Од тие причини во својата програма за 2020/2021 година предвидувам работилница со вработените на тема- "Социоемоционална поддрашка при работа во воонредни околност" и испитување на степенот на депресивност и анксиозност кај персоналот, за да установата преземе соодветни чекори за олеснување на работењето на вработените, а се со цел да овозможиме на дечињата и родителите подобра услуга.

Со оглед на новата ситуација групни работилници со родителите не се возможни па истите ќе бидат предвидени и реализирани кога ќе се создадат потребните услови. Индивидуалната и групната работа со децата на мене како психолог освен стандардниот начин, поради ново настанатата ситуација ќе релаизирам занимања за полесно когнитивно и емоционално осознавање на новата реалност која за жал овие генерации на дечиња ја живееат во доста ран детски развој. Посебно ќе се посветиме на големите групи кои поради степенот на когнитивен развој некои работи можат да си

ги објаснат, а некој се уште не, па поради тоа за да немаат последици во емоционалниот развој заедно со воспитувачките ќе се потрудиме полесно да го пребродат овој период.

Во продолжение се наоѓа глобалната рамка на планот и програмата за моето работење, а која произлегува од работните задачи на работното место психолог. Поради непредвидливоста на новата ситуација оставам простор за низа на дополнителни активноста за кои ќе има потреба, а кои ќе бидат во насока на подобрување на дејноста и работењето на детската градинка.

**Подрачје:**

**1. Учество во планирањето и програмирањето на воспитно-образовната работа во установата;**

- Изготвување на Годишен план и програма за сопствената работа;
- Учество во изготвување на Годишната програма за работа на установата;
- Соработка со директорот и стручниот совет во изборот и распоредот на кадарот во воспитните групи;
- Учество во работата на комисијата за прием на деца;
- Формирање на воспитните групи;
- Планирање на облици и содржини на соработка со родителите на ниво на установа и на ниво на воспитни групи;
- Учество во изработка на месечни планови за воспитно-образовна работа во јаслените групи;
- Предлагање избор на соодветна опрема, дидактички и игровен материјал неопходни за реализација на програмата во воспитните групи;
- Давање стручна помош на воспитувачите при програмирање на воспитно-образовната работа во однос на почитување на психофизичките карактеристики и потреби на децата во конкретна воспитна група;
- Учество во подготвување на сценарија за приредби и прослави и организација на истите;
- Презентација на реализираните проектни активности;

**2. Следење на реализацијата на планот и програмата за воспитно-образовната работа;**

- Следење на одмереноста и прилагоденоста на програмските барања со можностите на децата;
- Следење на примената на материјалите,средствата и методите во работата со децата;
- Следење на интересите,потребите, како интелектуалниот, емоционалниот и социјален развој на децата;
- Анализа на адаптациони и воспитно-образовни проблеми кои можат да се јават во установата и предлагање мерки за нивно надминување;
- Учество во оценување на ефектите на одредени воспитно-образовни активности врз психичкиот живот на децата;

**3. Педагошко-иструктивна работа и соработка со воспитниот и згрижувачкиот тим со цел унапредување на програмата;**

- Давање стручна помош на вработените во креирање услови за правилен развој на децата, за градење на интерперсоналните односи меѓу децата, децата и вработените и вработените и родителите;

- Запознавање на кадарот со најновите сознанија од областа на психологијата преку индивидуални стручни разговори;
- Индивидуално и групно советување на вработените, како дел од планираните активности;
- Упатување на стручна литература;

**4.Воведување на современа технологија, иновација и модернизација на воспитно-образовната работа;**

- Соработка со директорот во организирање на оптимални услови за престој на децата, особено во делот внатрешно уредување на објектите и избор на дидактички и игровен материјал;
- Давање инструкции за осовременување на постапките за нега, заштита и воспитно-образовна работа со децата;
- Внесување нови техники, форми и методи на работа со децата;

**5.Следење на развојот и непосредна работа со децата;**

- Следење на социо-емоционалниот развој на децата;
- Идентификување на деца со проблеми во однесувањето и развојот, обработка на истите и соработка со други стручни лица и институции во дијагностиката и третманот на истите;
- Следење на процесот на адаптација на децата на градинката и предлагање мерки за нејзино олеснување;
- Испитување на поимот за себе кај децата од големите групи во сите објекти;
- Опсервација на однесувањето во игра и пополнување на чек-листа;
- Организирање практични активности за препознавање и именување на емоции
- Реализирање практични активности за усвојување на вештини на контрола на емоции:
- Реализирање на психолошки работилници со децата од големите групи;
- Соработка и консултации со стручни лица во врска со водење и креирање на работата со децата кои имаат одредени проблеми,пречки и нарушувања;

**6.Соработка и советодавна работа со родителите на децата;**

- Водење на иницијални интервјуа со родителите на новопримените деца;
- Барање информаци и анамнестички податоци за децата од родителите кои се значајни за следење и унапредувањена развојот на децата;
- Индивидуални стручни разговори со родителите со цел надминување на проблеми во адаптацијата, развојни кризи,реактивни состојби и други проблеми кои можат да се јават кај децата на оваа возраст;
- Учество во работата со родителите преку реализирање на индивидуални и семејни советувања;
- Презентација на реализирани проектни активности

**7.Аналитичка работа во установата;**
**8.Учество во работата на стручните тела и органи во установата;**
**9.Соработка со стручните институции и лица и лично стручно усовршување.**

## 9. ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА

Периодот на предучилишна возраст е време во кое децата се најосетливи и подложни на инфекции (заради недоволна зрелост на имунолошкиот систем, чести повреди заради неусовршеност на моторичкиот развој, што само по себе наметнува

правилна заштита од влијанија на надворешната средина, правилна исхрана и обезбедување на здрава социјална и емоционална средина.

Целта на здраствената заштита на децата од предучилишна возраст е подигање на здрава и правилно психофизички и социо-емоционално развиена личност. Здраствената заштита на децата во градинката ќе опфаќа:

- санитарно-хигиенски надзор на објектите и просториите во кои престојуваат децата;
- хигиена на санитарните простории, грижа за користење на чиста постелнина;
- контрола и надзор над исхраната со составување на листа на јадења со потребна калориска вредност ;
- спречување на заболувања кај децата со организирање на едукативни семинари и работилници за здравствено усовршување на вработените и родителите;
- превенција од повреди и несреќни случаи итн.

При појава на висока температура на детето родителите ќе треба своите деца да ги чуваат дома, а доколку истата се појави во текот на престојот на детето во градинка, вработените ќе го известат родителот а тој е должен веднаш да дојде и да се погрижи за понатамошното лекување на детето.

Превентивните мерки што секојдневно ги обезбедуваме на планот на здравствената заштита на децата се однесуваат на следните активности:

- Засилена хигиена на сите простории и редовна дезинфекција на работните површини и на играчките и другите предмети со кои детето секојдневно доаѓа во контакт;
- Често проветрување на просториите;
- Одржување на личната хигиена како на персоналот, така и на децата преку миење на рацете со антибактериски сапун (во дозери),
- Редовна дезинфекција на рацете на персоналот, родителите и други посетители со средство за дезинфекција,
- Доколку детето добие симптоми на грип за време на претстојот во градинка (зголемена телесна температура, повраќање, пролив, кашлање, омалаксаност и сл.) веднаш да се изолира во соодветен просторсоба, да се повика родителот или член на семејството. Доколку почне интензивно да кашла, да му се стави на устата и носот маска.
- Доколку детето добие симптоми дома, да не се носи во градинка, да се побара лекарска помош и додека не оздрави да не се носи во градинка. Задолжително да се извести персоналот од што боледува детето. По лечењето родителот е должен да достави лекарска потврда (препорака за родителите) со која лекарот оценил дека детето е здраво и може да посетува градинка;
- Доколку детето е отсутно од градинка од некоја друга причина а не од болест, родителот треба да го извести персоналот за причината на отсуството;
- Уредно да се евидентираат отсутните деца од страна на воспитувачката-негователката на групата;
- Доколку член во семејството има сомнителни симптоми, да не се носи детето во градинка, додека не се направат консултации со лекар.

За спречување на ширењето на инфективните заболувања и вошливоста, при утринската тријажа (прием) се прави контрола и сомнителните случаи веднаш се изолирани од средината.

Водењето на здравствената документација и евиденција ќе биде редовна задача и грижа на воспитувачот и негователот во соодветната воспитна група. Сите прегледи: контролни и систематски, како и вакциналниот статус на децата, редовно ќе бидат

евидентирани во Досието на детето. Во Досието ќе се внесуваат и сите останати податоци за психофизичкиот развој и здравствената состојба на детето од раѓање до поаѓање на училиште.

За успешно спроведување на здраствената заштита неопходна е целосна соработка со родителите кои навремено и редовно ќе ги информираат воспитувачките и негователките за здраствената состојба на своето дете, за промените кои настанале при донесување на своето дете во градинка, а истиот процес на информирање родителите ќе го добиваат обратно при земање на детето од градинка.

Добивањето на информативно-едукативни флаери од Центарот за Јавно здравје и нивно делење на родителите придонесува за подигање на здраствената култура на родителите, важноста од навремено и правилно реагирање при појава на одредени состојби кај детето а со самото тоа навремено спречување и лекување на настанатата состојба.

Посебно внимание оваа воспитна година ќе се посвети на вакциналниот статус на децата кои ќе бидат во установата поради прогласувањето на епидемијата од морбили на државно ниво во новата воспитна 2020/2021 година во градинката нема да се примаат деца со непримени вакцини а посебно вакцината против МРП.

## ☑ УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОРАЛНОТО ЗДРАВЈЕ КАЈ ДЕЦАТА

Здравственото воспитување на децата е интегрален дел на воспитно - образовниот процес а се изразува преку: нега, хранење и општо згрижување на децата со посебен акцент за усвојување на основните навики за лична хигиена.

Како последица на неправилната исхрана, недоволната едукација за заштита, во последно време сме сведоци дека расипување на забите се констатира и кај децата од најмала возраст. Токму поради тоа, изработена е Национална стратегија за превенција на оралните заболувања кај децата до 14 години, која се спроведува од страна на Министерството за здравство и стоматолошките тимови од здравствените домови.

☑ **Превентивен стоматолошки систематски преглед** ќе се изврши од страна на стоматолози за превентивна детска стоматологија.

Целта на овој преглед е укажување на децата за одржување на хигиената на забите (правилно користење на приборот за одржување на хигиената на забите), укажување на родителите за новитетите и потребата од залевање на трајните заби. Во соработка со одговорниот стоматолог се планира стоматолошката едукација и мотивација кај 5-годишните деца и тоа:

**Тема: Орално здравје**
-градба на забите
-функција на забите
**Тема: Правилна исхрана**
-контрола на влез на шекери
**Тема :Орална хигиена**
**Тема:Редовна посета кај стоматолог и употреба на флуорни препарати во превентивни цели**

Едукација на децата со следење на филм за одржување на здравјето на забите.

Проверка на знаењето преку активности организирани на ниво на работилници. Во соработка со стоматолози ќе се организира посета на стоматолошка ординација, преглед на состојбата на забите и упатување кај матичен заболекар за понатамошно следење на состојбата на забите и интервенција доколку е потребна.

Воспитно – здравствената работа во текот на оваа воспитна година ќе се реализира и со помош и подршка на лекари и стоматолози кои преку предавања и активности ќе ги запознаваат децата со правилната исхрана и одржувањето на личната хигиена како еден од условите за добро здравје.

Градинката е отворена за соработка и со други здравствени работници и институции со цел унапредување на здравствената култура кај децата, родителите и вработените во установата во чии рамки ќе се реализираат предавања, работилници, трибини и слично, зависно од потребата на родителите и желбата за соработка со институции од јавното и приватното здравство.

## 10. ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ

Програмата за културна и јавна дејност се реализира според календарот за празници на РСМ, содржините на воспитно - образовната програма и локалните и традиционални празници. Со цел за поуспешна реализација на задачите од воспитно-образовната програма нашата установа е отворена за соработка со поширокота заедница и активно ќе учествува во сите проекти и активности за кои ќе биде поканета. Јавната и културна дејност ќе се реализира и преку остварување на посети на јавни институции од нашиот град како и посета на вработените од локалната самоуправа, полиција, противпожарна служба, медицински центар и други организации со цел запознавање со работата на возрасните. Распоредот на активности ќе се одвива според календарот на значајни датуми кои започнуваат од септември па до јуни и тоа: – *8ми Септември - Ден на независноста на РСМ; 22 септември - Ден без автомобили; Македонија без отпад-октомври; Недела на детето- со планирни активности за време на целата недела а се одбележува секоја прва полна недела од месец октомври(активности: Изработка на беџ „Јас сум„ -Да се нацртаме-Ликовна игра; -Право на уметност и култура; - Права и обврски на децата (Изработка на ѕиден весник); -Право на љубов и родителство (соработка со родителите); -Право на спорт (Олимпијада); Светски ден на детето- прввиот Понеделник во месец Октомври; Ден на детето е последниот ден од "Детската недела" -11 Октомври; 15 Октомври -светски ден на чисти раце; 16 Октомври-светски ден на храната; 23 Октомври-Ден на револуционерната борба на македонскиот народ; 31 Октомври- ден на штедењето; Есенска приказна-приредби од децата; Да ја украсиме занималната-работилица со родителите; Ја испраќаме есента -Ноември; Европски ден на музиката -ноември; Ден на урбаната средина-ноември; „Здрава Трпеза„ која се организира во соработка со родителите, Нова Година-Декември; Коледе, Бадник и Божиќ –јануари; Поздрав за мајките –март; Добредојде пролет цветна-март; Денови на екологија –март; Ден на театарот- март; Маскембал –априлијада – април, Ден на планетата земја –април; Ден на здравјето -април; Ден на полицијата- мај; Меѓународен ден на спортот-мај; Завршна приредба –јуни; Ден на сонцето-јуни.*

Јавната и културната дејност ќе се реализира и преку остварување на посети на јавни институции од нашиот град како посета на вработените во локалната самоуправа, полиција, противпожарна служба, здравствен дом, банка, фабрика и други организации со цел запознавање со работатат на возрасните.

Многу е важно во реализација на одредени активности да биде вклучена Локалната самоуправа - преку соодветните одделенија, како организатор на манифестациите на различни локации во градот како плоштад, стадион, како би се поттикнало развивањето на чувството на припадност кон заедницата, кон местото на живеење но и заедничко дружење со децата од училиштата и градинките.

# 11.СОРАБОТКА СО СЕМЕЈСТВОТО И ДРУГИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ И ИНСТИТУЦИИ

## Соработка со организации и институции во однос на афирмација на градинката и пошироко

Установата во текот на своето работење, градејќи квалитет ја отвара вратата за секаков вид соработка која ќе допринесе за подобрување на истиот, имено и натаму ќе продолжи да соработува со установите и институции на локално и државно ниво:

-Министерство за труд и социјална политика
-Локална самоуправа
-Биро за развој на образование
-Детски градинки од други градови
-Општински основни и средни училишта
-Центар за социјални работи Делчево
-Дневен центар за лица со посебни потреби
-Невладини организации
-Јавно културни установи (Библиотека, Музеј)
-Здраствен Дом Делчево
-Медиуми

## Соработка со семејството

Соработката со семејството претставува значаен сегмент во работата на дејноста за воспитување и згрижување на децата.Целта на оваа соработка е остварување на задачите, ставовите и усогласени аквностите во дејствувањето на детето во текот на говиот развој и воспитувањето во градинка и дома во семејството. со цел заемно делување на семејството и предучилишната установа неопходно е да се создадат услови за систематска,заедничка соработка и дејствување.

Улогата на семејството и неговото активно вклучување во работата на градинката претставува едно од најважните прашања на целокупниот воспитно-образовен процес. Причините за оваа ориентација се бројни,но една од најзначајните е подигнување на психички и физички здраво дете кое ќе биде способно да се соочи со предизвиците на современиот свет.

Согласно изградените стратегии во изминатите години вклучување на родителите во животот на градинката и оваа година ќе продолжи преку следниве форми на работа:

- Родителски состаноци;
- Состаноци со родители по воспитни групи;
- Индивидуалини секојдневни средби и разговори при носење и земање на децата;
- Организирање креативни работилници, родители и деца на разни теми;
- Организирање активности надвор од нашиот град;
- Посети и екскурзии.

На овие средби родителитеќе имаат моќност да се запознаат со организацијата на работата, содржината на воспитно-образовната работа, развојот на децата и друго. Покрај тое ќе бидат организирани и нагледни активности со деацта во присуство на родителите, приредбите за родители и др.

Главна улога и значење во соработката со родителите ќе има Советот на родители од децата на градинката кој брои 5 члена.

Ќе се реализира и писмено информирање на родителите преку кое тие ќе се запознаваат со сето тоа што детето работело во текот на денот, како на пример: учење стихотворба, пеење на песни или изложба на детски ликовни творби, како и порака што треба да се прави во родителскиот дом, а сето ова се реализира преклу соодветно катче за родители. Од оваа воспитна 2020/2021 година ќе се направат напори да профункционира Советувалиштето за родители во склоп на градинката така што родителите во зависност од потребите ќе можат да научат нешто и да остварат средби со целокупниот стручен тим и сите вработени во ОЈУДГ,,Весели Цветови,, Делчево.

**Придобивка за децата:**

- Континуитет на семејниот и градинскиот живот
- полесна адаптација на новите животни услови и подобро прифаќање на градинката
- зголемување на чувството на сигурност и себе почитување
- зголемување на можноста за користење на индивидуализиран пристап во воспино-образовниот процес
- подобро разбирање на авторитетот и почитување на возрасните.

**Придобивка на родителите:**

- подобро запознавање на сопственото дете надвор од семејството
- стекнување нови вештини за подобро родителство
- ефикасно реагирање при можни проблеми со детето
- лична сатисфакција – манифестирање на сопствените способности
- континуирано следење на напредокот на сопственото дете
- задоволство од достигнувањата и постигнатиот успех на детето
- подобро разбирање на сопствените права и одговорносто
- чувство на поддршка од страна на градинката и другите родители.

**Придобивка за воспино-згрижувачкиот тим:**

- подобро запознавање на децата, нивните потреби, интереси, систем на вредности и култура
- поддршка, разбирање и почитување од страна на родителите
- подобро и побрзо дијагностицирање на проблемите кај децата
- интеграција на хоби, таленти, знаења и умеења кај родителите
- стекнување нови комуникациски вештини
- пропорционален однос на релација дете-возрасен
- изедначување на воспитни модели за работа
- поголема професионалност во работата.

Образовното ниво или знаења потребни за воспитување на децата го планираме со цел да се создадат и прошират сознанијата кај родителите врз основа на современите сваќања за развојот и воспитувањето на децата од областа на педагогијата и психологијата. На тој начин тие ќе се стекнат со знаења за проблемите кои се јавуваат во развојот на детето, проблеми сврзани за воспитувањето, семејството, градинката и сл.

Непосредно учество на родителите во реализирањето на некои програмски содржини ќе се состои од нивно директно учество на слободните и насочените активности поврзани со различни професиии, објаснување на роднински врски итн.

Начинот на кој градинката се грижи за детето има влијание врз начинот на кој семејството се грижи за своето дете. Почитувајќи ги партнерските односи и градинката и семејството се во можност да создаваат подобри услови за развој на детето.

**Форми на соработка во семејствата:**
Воспоставувањето на **партнерски односи** помеѓу градиинката и семејството е долготрајна и доста често тешка работа како за воспитувачите така и за родителите. Од тие причини многу е важно при градењето на партнерството на располагање да се имаат и користат различни форми на комуникација.
**Дневната комуникација** се реализира преку секојдневните контакти со родителите при приемот и испраќањето на децата и се однесува на потребите, интересите на децата и други важни информации. Во **пишана комуникација** влегуваат брошури, каталози, програми, огласни табли, сандачиња за сугестии и мислења, пишувани пораки, писмени извештаи и портфолија.
**Непосредна комуникација** со родителите се реализира при секојдневните посети во градинката, домашните посети, индивидуални и телефонски разговори.
**Непосредно учество** на родителите како форма е исто така присутна. Родителите можат да бидат соработници на различни нивоа и во различни улоги.
Воспоставената соработка со родителите е важно да биде постојана и квалитетна. Меѓусебната комуникација мора да биде отворена и спонтана, а тоа значи почитување на идеите, сугестиите и ставовите на родителите.

## 12.СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНАТА И ОПШТЕСТВЕНАТА ЗАЕДНИЦА

Установата, во текот на своето работење, градејќи квалитет ја отвара вратата за секаков вид соработка која ќе допринесе за подобрување на истиот, имено и натаму ќе продолжи да соработува со установите и институции на локално и државно ниво:
-Министерство за Труд и Социјална Политика;
-Локална самоуправа на Општина Делчево;
-Биро за развој на образование;
-Детски градинки од други градови;
-Центар за јавно здравје - Делчево:
- Медиуми и др.

Соработката со предучилишните установи од другите градови е особено значајна бидејќи преку размената на искуствата, ја надградуваме и усовршуваме нашата работа, а и оваа година соработката ќе ја продолжиме преку проекти со предучилишни установи од други држави во контекст на воведувањето на нови програми за работа.

## 13.СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИТЕ ПРЕКУ СОВЕТУВАЛИШТЕ

Соработката со родителите е значаен дел од работата на дејноста за воспитание, образование и згрижување на децата. Целта на оваа соработка е остварување на задачите, ставовите и усогласени активности во насока на влијание на детето во текот на неговиот рзвој и воспитувањето во градинката и дома во семејството. Со цел заемно делување на семејството и предучилишната установа неопходно е да се создадат услови за систематска, заедничка соработка и дејствување. Катчето за родители постои пред секоја занимална и е место на кое родителите може да се запознаат со воспитно-образовните содржини кои се реализираат во моментот и активностите кои произлегуваат од истите и во кои може активно да се вклучат како би помогнале и квалитативно би ја збогатиле самата реализација на темата. Вклучувањето на

родителите во работата на установата се реализира низ различни форми и степени и тоа:

**Иформативен степен на соработка кој ќе се реализира преку**:

- секојдневни средби на воспитувачките и негувателките при прием и издавање на децата за тоа како поминал денот какви биле потребите на детето и други битни информаци поврзани со детето;
- групни родителски средби на кои родителите добиваат информации од општ карактер кои се однесуваат на сите деца од групата, програмата која ќе се реализира во текот на годината, проекти и проектни активности во кои ќе бидат вклучени и родителите, потребите на децата во групата за успешна реализација на воспитно-образовната програма како потребен материјал – блок,боички и др.,
- потребата од учество на родителите при реализирање на проектни активности или посети на одредени установи, за учество на родителите во работилници во групата;
- индивидуални рзговори со стручни лица од устновата доколку се јави потреба за тоа;
- децата на гости кај родителите и обратно со цел запознавање со професиите на родителите и професиите воопшто.

**Едукативниот степен на соработка со родителите ќе се реализира со:**

- родителски средби во рамки на кои ќе бидат разгледувани теми актуелни за рзвојот а децата по избор на родителите или стручниот тим на установата;
- вклучување на стручни лица од различни области (здравствена, педагогија, развојна психологија и др.) кои ќе им помогнат на родителите полесно да се снајдат и справат со непознаниците со кои се среќаваат во одгледувањето на своето дете;
- Освен организираните средби со родителите, ќе подготвиме и едукативни материјали во вид на флаери, информативни плакати,пораки со што ќе се олесни соработката но и ќе се охрабрат и поттикнат родителите да прашуваат и да разговараат за работи што се од интерес за правилен развој на нивното дете.

Семејството како основна клетка на општеството каде детето ги добива првите сознанија, родителите како најодговорни за одгледување и правилен развој на своето дете, ќе бидат дел од истражувањата кои редовно се спроведуваат во нашата установа со цел добивање на одредени податоци за навиките, активностите и др. информации за однесувањето на децата во кругот на семејството а важни за правилниот развој надецата.Активното вклучување на родителите во реализација на активностите во воспитните групи ја зголемува и поттикнува довербата кај родителите за работата на установата, местото и улогата на воспитувачот во воспитувањето на децата за време на престојот во градинката, согледувањето на работата на установата од друг агол – како учесник во реализација на воспитно-образовните содржини ќе им помогне на родителите да ги усогласат своите активности во воспитувањето и одгледувањето на своите деца со начинот на работа во детската градинка или уште подобро да бидат коректив на работата на установата; заедно со родителите изготвување на правила за однесување на децата и возрасните во градинката кои што ќе ги почитуваат сите вклучени во воспитно-образовниот процес во установата.

# Програма за работа на советувалиштето

Семејството е примарна институција и најважен фактор за развој на детето. Во рамките на семејството детето на најадекватен начин ја остварува потребата за љубов, заштита, сигурност, ги развива потенцијалите под влијание на голема и трајна воспитна моќ.

Денешното семејство се соочува со низа состојби и појави во вкупното општествено живеење. Промените влијаат и зафаќаат повеќе аспекти од семејната заедница-семејните односи (интеракција, комуникација), статусот на членовите на семејството, организацијата на животот во семејството, воспитните стилови на родителите како и промена или губење на одредени функции на семејството. Сериозно влијание на квалитетот на семејното живеење, а со тоа и на развојот на детето и детската личност имаат и нарушувањето на социјално- економската егзистенција на семејството, миграција на семејството, расчекорот меѓу потребите на новото време и можностите на семејството, преголемата ангажираност на родителите во обезбедување на егзистенција. Особено важни фактори со силно влијание врз климата во семејната средина и развојот на детската личност се и:

- Воспитната занемареност или недекватни воспитни стилови на родителите / старателите
- Разводот на родителите
- Еднородителските семејства
- Нарушените семејни односи итн.

Сите овие фактори сериозно се одразуваат на адаптибилноста на семејството кон настанатите промени и можат да предизвикаат силни последици врз развојот на детската личност. Динамиката и проблемите со кои се соочува современото семејство во денешно време, упатува на потреба од организирана, стручна и компетентна поддршка и интервенција на општествено ниво.

Градинката со својата програмска, кадровска и системска поставеност има потенцијал и општествена должност, содржински да ја дополнува улогата на семејството во однос на позитивно дејствување врз развојот и воспитувањето на детето.

Со поаѓањето на детето во градинка, родителите и семејството стануваат соработници и партнери во заедничката задача – згрижување, нега, воспитување и образование на детето.

При преминот на детето од семејната средина во новата социјална средина – градинката, неопходно е да започне да се гради квалитетна, нераскинлива соработка меѓу вработените и семејството.

## СЕМЕЈСТВОТО, ГРАДИНКАТА И ЗАЕДНИЦАТА ПАРТНЕРИ ВО ГРИЖАТА ЗА ДЕЦАТА

И оваа година нашата главна цел ќе биде врската помеѓу градинката и семејството да се гради и зајакнува преку поттикнување и унапредување на континуирана, квалитетна двонасочна комуникација.

Развивањето на партнерски односи со семејството како главна цел ќе има:

- Давање стручна поддршка во обезбедувањето оптимални услови за развој на детето во семејната средина преку организирање превентивни активности;

- Заедничко решавање на проблеми во воспитувањето и развојот на децата преку организирање активности за помош;

- Јакнење на родителските компетенции преку стекнување и дополнување на знаења и вештини потребни за грижа и воспитување на децата во семејството.

Советувалиштето ќе има за цел да пружи целосна подршка на родителите и да даде стручна помош при решавањето на сите проблеми и нејаснотии кои се поврзани за престојот на детето во градинка , но и помош и совет за животот на детето во семејството. Целосно ќе работи на надминување на проблемите што се јавуваат кај децата и ќе обезбедува стручна помош при нивното прилагодување на условите во градинката.

Ваквата помош на семејството во критичниот период на развој на детето, како крајна цел ќе има децата да израснат во здрави, среќни, добро прилагодени, успешни, задоволни, високо морални и одговорни возрасни личности кои ќе умеат да се респектираат себе си и другите луѓе, ќе бидат способни да соработуваат со другите и успешно да се справуваат со животните тешкотии.

Советувалиштето ќе дава советодавни услуги и на раководството на градинката во секојдневното работење со цел унапредување на целокупната дејност на градинката. Работата на советувалиштето ќе биде насочена и во остварување на соработка со надворешни заедници и институции со цел осовременување и напредок на педагошката работа во градинката.

Советувалиштето својата работата ја врши преку следните форми:

- советување за деца;
- работа со родителите;
- работа со раководството;
- соработка со надворешни заедници и институции;
- организирање на стручни предавања.

Работата во советувалиштето ќе ја врши **стручен тим** составен од психолог и логопед.

## ВИДОВИ НА СОВЕТОДАВНИ УСЛУГИ И РАСПОРЕД НА ИЗВЕДУВАЊЕ

| | **Вид на услуга** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| **Обуки за воспитно-згрижувачкиот кадар** | -Советување и обуки за креирање услови во градинката за правилен развој на децата и градење на здрави интерперсонални односи меѓу децата и меѓу децата и возрасните;<br>- Стручна помош за олеснување на процесот на адаптација на децата на градинката, особено на децата со развојни потешкотии;<br>-Стручна помош и обука на вработените во процесот на опсервација и користење на инструменти за процена на развојните постигнувања на децата;<br>-Обуки за примена на соодветни воспитни постапки и техники на дисциплинирање на децата; | континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| | -Советување за примена на стратегии за поттикнување на јазичниот и говорниот развој;<br>-Обуки и советувања за примена на ефикасни методи и стратегии за поттикнување на когнитивниот развој и позитивниот пристап кон учење;<br>-Совети за превземање на превентивни мерки за спречување на заразно заболување;<br>-Информации за превземање на мерки при појава на вошливост, стрептококни инфекции, вирусни и бактериски инфекции на дигестивниот тракт;<br>-Здравствено советување на усвојување на културно-хигиенските навики кај децата и вработените;<br>-Информирање за важноста, правилната исхрана и мотивирање на децата за конзумирање на оброците;<br>-Совети за правовремено задоволување на потребите на децата за храна и вода; | континуирано<br>континуирано |
| **Индивидуални и групни обуки и советувања за родители/ старатели** | -Индивидуално и семејно советување за развојниот статус и развојните потреби на децата;<br>-Советување за примена на соодветни воспитни постапки;<br>-Психолошко советување во слушаи на повремени или трајни емоционални состојби или реакции на детето – развојни кризи<br>- Советување за воспоставување граници и правила во однесување и ефикасни техники на дисциплинирање на децата<br>-Процена на можни развојни отстапувања и совети за правилно поттикнување на детето;<br>- Стручна помош и поддршка во процесот на адаптација на детето на градинката;<br>-Советување при проблеми во партнерските и семејни релации и несогласувања во родителските улоги;<br>-Педагогошко советување<br>-Здравствено советување од областа на превентивната здравствена заштита(грижа за правилен раст и развој, нега и исхрана на детето, јакнење на отпорноста на организмот;<br>-Здравствено советување во случај на специфични здравствени потреби( посебен режим на исхрана, хронични заболувања, пречувствителност и сл.)<br>-Консултации и стручна помош за комуникацискиот и јазично-говорниот развој | континуирано |
| | - Индивидуална помош при адаптација на новата средина во градинката;<br>-Индивидуална и групна помош при при премин од една во друга воспитна група, од една во друга градинка или од градинка во училиште;<br>-Индивидуална помош на деца со развојни | |

| | | |
|---|---|---|
| **Индивидуално и групно советување и едукација за деца** | потешкотии<br>-Индивидуална помош и советување кај деца со несоодветно однесување во групата;<br>-Поттикнување и индивидуален пристап со надарени деца;<br>-Советување и помош за деца со семејни проблеми;<br>- Советување и обуки за одржување на хигиената,<br>-Советување за здрава и правилна исхрана и безбедно однесување<br>-Информација на родителите за здравствената состојба на децата (систематски прегледи);<br>-Совети на родителите за мерките и постапките што треба да се превземаат во градинка и дома за децата со здравствени потешкотии (алергии, промени во видното поле, намален слух, коскено-мускулни деформитети и др);<br>-Информации за превентивните мерки за спречување на заразни заболувања при епидемиолошки индикации;<br>**Советувањето и еукацијата за децата ќе се реализира преку:**<br>**-**Индивидуални и групни разговори<br>-Психолошки работилници<br>-Социјални игри<br>-Говорни игри<br>-Видео-презентации | континуирано |
| **Индивидуални советувања за раководниот персонал** | -Давање советодавни услуги за прашања во врска со организацијата на животот и работата во градинката<br>-Давање советодавни услуги во врска со програмата за јавна и културна дејност на градинката;<br>-Советување по однос на обезбедување на соодветни материјално-технички и човечки ресурси;<br>-Советување за организирање соодветни услови за поддршка на процесот на инклузија на децата со посебни потреби во градинката;<br>- Советување за подобрување на постоечките и иницирање на нови форми на соработка со родителите; | континуирано |
| **Соработка и советување со членови од локалната заедница за унапредување на дејноста** | -Иницирање и организирање проекти за советување во градинката;<br>-Учество на стручни советувања организирани надвор од градинката;<br>-Соработка со Општината Делчево;<br>-Соработка со Центар за социјална работа;<br>-Соработка со здравствени установи;<br>-Соработка со високо-образовни институции; | континуирано |

**ГОДИШЕН РАСПОРЕД НА ТЕМИ ЗА ОБУКА**

| | | |
|---|---|---|
| **Обуки за родителите** | -„Подготовка на детето за поаѓање во градинка и процес на адаптација на градинката„<br><br>-„Важноста на сензорните игри и играчки „<br><br>-„Отпадот не е ѓубре„ - користење на педагошки необликуван материјал како игра и играчка„ - презентација и работилница<br><br>-„Улогата на сензорните игри во развојот на говорот кај децата од предучилишна возраст „<br><br>-„Сензорна интеграција„<br><br>-„Важноста на играта и играчките – карактеристики на добра играчка „<br><br>-Моторните игри и моторниот развој<br><br>-„Зрелост на децата за поаѓање во училиште„<br><br>-„Превенција и Корекција на најчестите деформитети кај предучилишни деца„ | септември<br><br>октомври<br><br>ноември<br><br>декември<br><br>март<br><br>април<br><br>април<br><br>мај |
| **Обуки за децата** | - „Отпадот не е ѓубре„ - работилници со деца за изработка на играчки од педагошки необликуван материјали<br><br>- Работилница за изработка на сензорни играчки од педагошки необликуван материјал и нивно користење со цел стимулација и интеграција на сетилата (слух, вид, мирис, вкус, допир, вестибуларно и проприоцептивно сетило)<br><br>- „Избираме играчка на месецот„ - натпреварувачка активност<br><br>-Изработуваме и играме со играчки за вежбање на артикулаторниот апарат<br><br>-Работилница за стекнување вештини за контрола на бесот<br><br>-Правиме необична играчка – работилница за развој на имагинација и креативно мислење.<br><br>-„Чисти раце-здравје„ | октомври<br><br>ноември<br><br>ноември<br><br>декември<br><br>февруари<br><br>март<br><br>континуирано |

| | | |
|---|---|---|
| | -„Зајко Сезнајко„-хигиена на оралното здравје<br><br>-Хигиена на телото (Деца над 3 годишна возраст)<br><br>-„Лекот не е бонбона„ (Големи групи) | во текот на годината |

**Сите предвидени обуки за родителите ќе се реализираат онлајн поради состојбата со КОВИД 19.**

## 14.ПОДРАЧЈА НА ПРОМЕНИ, ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ

Врз основа на поставените области во Развојниот план(2019-2023) на установата за деца и планираните подрачја на промени , приоритети и цели, како и тргнувајќи од нашата визија и мисија, во Годишната програма за работа на детската градинка за периодот 2020/2021 година ќе се посвети внимание на следново:

Градинката е посветена на секое дете. Раководниот, стручниот , воспитно-згрижувачкиот кадар, родителите и членовите на локалната заедница се партнери во обезбедувањето на стимулативен амбиент кој го поддржува раниот детски развој. Секојдневно се планираат и реализираат актувности за рано учење и развој базирани на Стандардите за рано учење и развој користејќи ка играта како доминантен инструмент за учење. Почитувајќи ги детските индивидуални потреби,можност и интереси градинката претставува средина која ја поттикнува љубопитноста ,креативноста и иницијативата кај децата и овозможува развивање на компетенции и вештини за понатамошен успех во општественото живеење.

Сите деца да имаат еднакви можности за пристап до разни форми за поттикнување на раното учење и развој, без разлука на нивните индивидуални развојни кожности. Градинката обезбедува здрава и стимулативна средина која го поддржува развојниот потенцијал на секое дете и континуирано гради партнерски односи со семејствата.

**1. Област - Програми и планови**

- Изработка на рамка за изготвување на годишната програма за работа на детската градинка
- Подготовка на годишна програма за работа на детската градинка
- Подготовка на годишен ( акционен ) план за работа на детската градинка
- Реализација на годишната програма и план за работа на детската градинка
- Организирање и посета на стручни семинари за воспитно образовниот и згрижувачкиот кадар.
- Отварање на Советувалиште за деца и родители „Срце за сите„

**2. Област – Згрижување и воспитание**

- Подигање на квалитетот на воспитно образовниот процес преку планирање, евиденција и програмирање.
- Едукација на воспитувачите и јакнење на професионалната компетентност за работа со децата сопосебни потреби и нивна инклузија.
- Едукација за Дијабетес.
- Едукација за безбедност и сигурност на децата-Протокол
- Организација на работилници и обуки за квалитетна и здрава исхрана на децата.
- Информирање на родителите за здрављето на децата
- Обезбедување на безбедност при престој на детето во детската градинка

- Поттикнување на различностите, мултикултурализам

**3. Област – Детски развој и напредок**

- Унапредување на вештините на набљудување и следење на децата од страна на воспитниот.
- Рано откривање на деформитети во развојот на децата.
- Формирање на инклузивен тим,
- Реализација на годишно и тематско планирање
- Истражување на отстапките во говорот на децата од 3 до 6 годишна возраст
- Аутистичен спектар на нарушување
- Следење и документирање на напредокот на детскиот развој
- Информирање на родителите за напредокот кај децата

**4. Област – Поддршка на децата и семејството**

- Подготовка на програма за работа на советувалиште за деца и родители
- Подготовка на децата за градинка и премин од градинка во училиште
- Вклученост на родителите во реализација на стручни усовршувања на вработените во установата, искористување на знаењето на родителите во различни области.
- Осовременување на огласните табли за информирање на родителите
- Подигање на свеста за аутистичен спектар на нарушување
- Работилница за здрава храна
- Вклученост на родителите во приредби и други манифестации

**5. Област – Етос**

- Подготовка на кодекс на однесување
- Придржување кон правилникот за правилата на однесување на вработените во градинката
- Запознавање со кодексот на однесување
- Промовирање на работата на детската градинка и вклучување на родителите во работата на установата
- Писмено запознавање со работните задачи на секој вработен
- Изготвување на правилник со критериуми за наградување на вработените и децата
- Организација и реализација на еднодневни екскурзии на вработените
- Отпочнување со празнување Патронен празник на градинката (15 Октомври)

**6. Област – Ресурси**

- Измени и дополнувања на Правилник за организација и систематизација на работата на детската градинка
- Професионално надградување и усовршување на вработените
- Уредување и обезбедување адекватна опрема за игра во дворот на градинката
- Набавка на нови душеци и креветчиња
- Збогатување на дидактички и игровен материјал
- Обновување на санитарни јазли и занимални во Објект број 1
- Обезбедување дополнителен број човечки ресурси
- Подготовка на стимулативен амбиент за игра и учење

**7. Област–Раководење,организација и обезбедување на квалитет**

- Соработка со НВО и посета на обуки за изработка на проекти и аплицирање на различни проекти
- Изготвување на план за евакуација во случај на пожар во градинката
- Обука за Прва Помош

- Зголемување на комуникацијата преку електронската мрежа и сите релевантни фактори
- Работилница за запознавање со должностите обврските на вработените кон установата и обратно
- Координирањена работата во детската градинка

**8. Област – Заштита на децата од насилство**

- Подготовка на Правилник кој ќе содржи мерки за заштита на децата од насилство
- Изработка на Протокол за безбедност на децата во градинка
- Едукација на родителите и воспитниот кадар за насилство врз децата, рано откривање, препознавање и идентификување на знаците од насилство

За секоја од наведените области, има поставено одговорни на работни групи кои тимски ќе планираат цели и стратегии за подобрување и унапредување на состојбите. За својата работа ќе доставуваат извештај кој ќе биде составен дел од Годишниот изваштај за работата на установата.

| | |
|---|---|
| *Цел 1: Унапредување на квалитетот на годишната програма и план за работа на установата.* | 1. Дефинирање на рамка за изготвување на годишни програми за работа на установата со прецизирани на приоритетни цели за развој.<br>2. Прецизирање во годишниот план на установата одговорностите, динамиката и начините на реализаија на планираните содржини од програмата.<br>3.Унапредување на квалитетот на планирање на програмата заради подобрување на условите за рано учење и развој.<br>4. Интегрирање на сите елементи од развојниот план на установата во годишниот план за работа на градинката. |
| *Цел 2: Унапредување на квалитетот на процесот на рано учење и развој преку планирање и реализација на непосредната работа со децата.* | 1. Почитување на детските општи и специфични потреби и интереси при планирање и реализација на програмата.<br>2. Поттикнување на децата на активно учество во сите аспекти на воспитно-образовниот процес.<br>3. Евалуирање на сопствената пракса според зададените индикатори за вреднување на успехот.<br>4. Користење на методска, педагошка, психолошка и стручна литература, интернет и други извори.<br>5. Стимулирање на поедини аспекти од детскиот развој со точно осмислени развојни задачи , цели, стратегии на делување.<br>6. Применување на стратегии за учење и поучување кои овозможуваат развој на детските способности по пат на откривање и решавање проблеми.<br>7. Зајакнување на родителските компетенции и нивното учество во следење и проценување на детскиот развој врз основа на инструментите за следење на развојот кој се составен дел од досието на детето. |
| *Цел 3: Унапредување на процесот на опсервирање, документирање и* | 1.Тимска работа во планирањето на развојните задачи на индивидуално и групно ниво како и опсервирање во контекст на поттикнување на потенцијалите на секое дете.<br>2. Примена на структурирани инструменти за препознавање на развојниот статус на детето. |

| | |
|---|---|
| *интерпретирање при следење на детскиот напредок и развој.* | 3. Документирање на детскиот развој и постигнувања во однос на СРУР.<br>4. Стимулирање на поедини аспекти од развојот на детето преку конкеретизирани задачи и стратегии за поттикнување.<br>5. Интензивирање на развојот на детските потенцијали.<br>6. Поддржување на развојот на позитивна слика на детето за себе. |
| *Цел 4: Унапредување на соработката со семејството семејството, зголемување на мотивираноста на родителите за учество во работата на установата.* | 1. Зајакнување на стручните компетенции на воспитно-згрижувачкиот кадар за секојдневната интеракција со родителите и изградување на партнерски односи.<br>2. Нагласување на важноста на квалитетната комуникација на релација градинка-семејство.<br>3. Сензибилизација и едукација на родителите за важноста на првите пет години од детскиот развој.<br>4. Зајакнување на родителските компетенции преку едукативни работилници ,советувања. |
| *Цел 5: Подобрување на меѓусебните односи и комуникација помеѓу вработените во колективот.* | 1. Донесување и примена на *Кодекс на однесување на вработените* во ОЈУДГ,,Весели Цветови,, Делчево<br>2.Организирање на стручни усовршувања на вработените на тема Комуникација и тимска работа<br>3. Создавање на услови за почитување на приватноста во индивидуалните контакти со родителите без разлика на нивнота вера,социо-економски статус,етничка припадност<br>4. Информирање на сите заинтересирани страни за работењето на Совет на родители. |
| *Цел 6: Подобрување на средината и условите за развој и учење на децата низ адаптација на просторот и набавка на играчки, дидактички материјали и опрема.* | 1. Континуирано разменување на знаењата стекнати од стручното усовршување по пат на работилници,презентации,нагледни активности<br>2. Развивање на мали проекто на годишно ниво како стратеги за имплементација на стручното усовршување<br>3. Набавка на играчки и дидактички материјал за работа со деца со потешкотии во развојот<br>4. Поставување на заштитини огради и обезбедување на адекватни справи за игра во дворовите на градинките. |
| *Цел 7: Унапредување на квалитетот на организацијата на работа и следење на ефектите од имплементирањето на развојниот план во установата.* | 1. Промовирање на ефикасно раководење со човечки и технички ресурси<br>2. Креирање позитивна клима,тимска работа и односи помеѓу вработените базирани на меѓусебно почитување и колегијалност.<br>3. Обезбедување на потребни услови за професионално остварување на целите и реализирање на активностите од развојниот планна установата. |
| *Цел8: Унапредување на квалитетот на животот на децата со примена на мерки за создавање на безбедна средина за живот и работа со* | 1.Да се заштитува здравјето и безбедноста на децата.<br>2.Да се планираат потребните финасии за подобар квалитет на исхраната на децата.<br>3.Да се оспособуваат децата за примена на здрави и безбедни практики во секојдневното живеење.<br>4.Подобрување на квалитетот и осовременување на средствата кои се корикристат за заштита. |

| | |
|---|---|
| *децата.* | |
| *Цел 9: Унапредување на квалитетот на животот на децата со примена мерки за нивна заштита од насилство.* | 1.Креирање на клима на меѓусебна доверба и соработка во која се почитуваат сопственито и туѓото мислење.<br>2.Оспособувње на вработените за примена на современи техники и методи за работа и подршка на социо-емоционален аспект од развојот.<br>3.Разработување на стратегии за за запознавање на децата за своите права и обврски.<br>4.Градење на знаења и вештини за остварување на своите права и обврски. |

# 15. ПРОЕКТИ И ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ

## - ИНОВАТИВНОТО И ТВОРЕЧКОТО ВО ПРОЕКТОТ КАКО КВАЛИТЕТ И ПРИДОБИВКА

Овие активности кај децата предизвикуваат голем интерес и ги поттикнуваат речиси сите компоненти на детскиот развој, им го поттикнуваат интересот, љубопитноста, креативноста, фантазијата и им го шират нивниот дијапазон на сознанија.Токму поради сето ова децата од оваа возраст учат многу брзо и лесно. Стручниот тим на градинката изготвува програми , прилагодува материјали и средства кои на најдобар начин ќе им го доближат проектот на децата притоа одговарајки на детските желби и интереси. Праксата која на децата им го овозможува сето тоа денеска е воведена и во предучилишниот период вклопена во програмата за ран детски развој и се нарекува РАБОТА СО ПРОЕКТИ.

Министерството за Труд и Социјална политика и оваа година изнесе повеке предлог проекти кои беа прифатливи за воспитувачкиот тим и градинката. Отвореноста на установата, соработката со локалната заедница и пошироко е од непроценлива вредност за децата за кои се грижиме и ги подготвуваме да станат рамноправни членови во нашето општество.

Во текот на работната година, ќе продолжат да се реализираат проектите кои веќе се реализираат а имаме за цел да траат во континуитет и наредните години бидејки со сите предвидени активности се вклопени во Годишното планирање и дневните активности на ниво на воспитни групи.Конкретни проекти во нашата програма се:

- **Градот низ детските очи**
- **Бонтон – однесувај се убаво и пристојно**
- **Рециклирање со имагинација**
- **Семејство и семејни вредности**
- **Моја хигиена - моја навика**
- **Од дете за дете - биди и ти хуман**
- **Здрави животни навики**
- **Градинки во детските градинки**
- **Традиционални игри**
- **Спорт и спортски активности**
- **Почитување на различности и мултикултурализам во раниот детски развој**

Проектите произлегуваат како желба или потреба на децата, Владата на Република Северна Македонија, МТСП, Локалната самоуправа на Општина Делчево, согледувањата на градинката од потреба за реализација на проект, а ќе се

реализираат по возрасни групи со посебен акцент на децата од 3 – 6 години, а во соработка со семејствата, локалната заедница,градинки од цела држава и МТСП.

Особено ќе се посвети големо внимание на проектни активности од програмските содржини за развој на еколошката едукација на децата од предучилишната возраст, на едукација на децата за развивање на животни вештини за самостојно извршување на активностите. Дел од нив ги реализираме во континуитет како што се собирање и рециклирање на стара хартија, собирање за рециклирање на пластика, чистење и уредување на дворовите, обука за возење велосипеди, едукација на децата за штедење на вода, електрична енергија, хартија, употреба на здрава храна и водење на здрав живот, садење на дрвја и цвеќиња, собирање на смалена облека, играчки и обувки и донирање на оние на кои им се потребни, изработка на корисни предмети и добра од отпаден материјал, одржувањето на градина во градинка. Едукација за заштита на децата во сообраќајот, проекти за запознавање со нашата култура, традиција и обичаи и др..

Ќе се работи на формирање на работни навики, грижа за живиот и неживиот свет, културно и правилно однесување (бонтон), почит на различностите и мултикултурализмот, развивање на чувство на љубов кон градот, државата, сопствениот јазик и културата, традицијата и обичаите, безбедно живеење. Развивање на чувство на одговорност, хуманост и помагање.Ќе се реализираат и многу други проекти кои произлегуваат во текот на годината како резултат на секојдневните активности по воспитните групи на ниво на цела градинка, но и од предлозите од локалната заедница и МТСП , а ќе се развиваат во текот на целата воспитна година иако не се вклопени во оваа Годишна програма.

## Проект: „Градот низ детските очи“

Целта на овој проект е развивање на љубов, интерес, чувство на патриотизам, почитување, грижа и одговорност кон сопствената татковина, народ, родното место, местото на живеење.
Децата да се запознаваат со природното, културното и историско богатство на својот роден крај, народ и татковина, како и да им се наметнат навики за негово перманентно чување и збогатување.

**Воспитно образовни активности во рамките на реализација на проектот**:

- Организирање на посети на децата од градинката на градот , на музејот, културно-историски споменици,природни богатства и сл.како и посети на други градови ширум Република Северна Македонија.
- Организирање на ликовни работилници со вклученост на децата и родителите
- Организирање и реализирање на приредби, прославии манифестации во кои содржински ќе бидат опфатени разработени и доближани до децата историското и културното минато и сегашност на нашиот народ и на нашата држава.
- Организирање заеднички игри, приредби и средби со другарчиња од градинките од градовите кои ќе се посетуваат.
- Организирање на ликовни и изложби на креации од разни техники и материјали (рециклирана хартија, картони, платно, плута, природни материјали и сл.)
- Организирање избор на најубави цртежи на ниво на објект, градинка, општина и држава и учество на ликовен конкурс под покровителство на МТСП.
- **Целна група:**

Децата на возраст од 5-6 години
Време на реализација од почетокот на Октомври во тековната година до крајот на Мај следната година.

**Фаза на реализација**
На ниво на градинката, во рамките на месечните планирања, ќе се испланира период во рамките на кој ќе се предвидат посети и презентации кои инспиративно и подготвително ќе влијаат на децата за реализација на наредните фази во развојот на проектот.
Континуирано пренесување на виденото преку разни техники од цртежи, фотографии, макети,модели и видео записи.
Избор на три најдобри цртежи за учество на конкурсот

**Очекувани резултати**
Децата да ги знаат, распознаваат и именуваат карактеристичните обележја на својата култура, институциите и знаменитостите кои го одбележуваат минатото, но се и најава за светлата иднина на нашето непроценливо богатство, да научат да го ценат и вреднуваат културното и природното богатство. Да знаат што го карактеризира и по што е препознатлив, да се гордеат со родниот крај, да знаат кои се традиционални обичаи, јадења и да ги применуваат во својот живот.

## Проект:„ БОНТОН ЗА ДЕЦА“

Мото: „Однесувај се убаво и пристојно„

**Цел на проектот:**
Едукација на деца од предучилишна возраст за значењето на убавото и пристојно однесување што ќе им овозможи полесно прифаќање во општеството и подобар живот.
**Целна група:**
Директни корисници на проектот се деца на возраст од 3-6 години.
Индиректни корисници се воспитниот кадар во градинките и родителите.

**Анализа на проблемот:**
Бонтонот претставува кодекс на однесување на кој треба да се придржува секој припадник на општеството. Бонтонот подразбира правила на убаво и пристојно однесување во било која ситуација од секојдневниот живот и најстрого ги осудува навредите и физичките пресметки. Тој нѐ учи како треба да се изразуваме, однесуваме и комуницираме во секој момент и зборува за нивото на развиеност на нечија култура, од што може да се изведе заклучок дека облиците и правилата на однесување не се идентични во сите делови од светот. Бонтонот секогаш се адаптира на ситуациите и потребите на луѓето кои живеат на одредена територија или општество, а со цел да овозможи пријатна атмосфера.
Бонтонот за деца подразбира низа на постапки, кои се бараат од нив да ги направат. Доколку постапуваат на начин како што се бара од нив, тогаш ги сметаат за воспитани, но ако постапуваат спротивно, ги сметаат за невоспитани. Но децата не ги познаваат правилата на пристојно однесување, поради што често пати не по своја вина се непристојни. Правилата на однесување што детето ќе ги научи во детството, со сигурност ќе ги памети цел живот. Интензивниот начин на живот во кој живееме денес, недостатокот на култура на однесување, рушењето на моралните и етичките вредност резултираше со промени во однесувањето на возрасните. Во трката за егзистенција родителите имаат се помалку време да се посветат на своите деца за правилно да ги

едуцираат и воспитуваат. Овие состојби доведуваат кај децата до немање на елементарно пристојно однесување и развивање на чувство на нетрпеливост, конфликтност, непочитување на постарите лица, родителите, другарите и пријателите.

Ова е проблем кој треба да се надмине, затоа што неговото игнорирање би значело рушење на целиот вредносен и општествен систем. Една таква деструктивна состојба е секако загрижувачка и заслужува да се посвети внимание и да се реагира навремено, со цел да се спречат последици кои можат да произлезат и да се овозможи подобар и поквалитетен живот на децата и на луѓето воопшто.

За да се овозможи подобрување на состојбите потребно е ангажирање и вклучување на целокупната заедница, воспитувачите, родителите и сите останати лица кои можат да влијаат на убаво и правилно однесување на децата. Особено родителите и воспитувачкиот кадар во градинките треба да бидат пример од кој децата ќе учат како да се однесуваат.

**Активности:**

- Влијание врз воспитниот кадар и родителите преку едукација правилно да ги воспитуваат децата
- едукативни средби со припадниците на секторот за превенција кои ќе ги едуцираат за начинот на однесување на јавни места, на улица и во сообраќајот.
- секојдневни едукативни активности со децата за правилно и културно однесување, преку игри, драматизации, приказни, разговори и практична примена на наученото во секојдневниот живот во градинката и со посети и гостувања во разни институции со цел зголемена социјална активност, зголемена комуникација со лица од различни возрасти и професии и можност за децата да се реализираат себе си со се што совладале од областа на културното однесување.
- предочување на последиците за безбеден и сигурен живот од правилно и неправилно однесување во одредена ситуација со практични примери од секојдневното живеење.
- развивање способност
- прикажување на видео материјал преку кој децата ќе се едуцираат како треба да се однесуваат
- подготовка и реализација на театарска претстава од страна на вработените или реномирана театарска група со претстава со соодветна содржина
-подготовка и реализирање на приредба посветена на убавото и пристојно однесување
-евидентирање на активностите со фотографии и видео записи
-искажување преку цртежи и други креативни идеи на детските чувства и наученото од активностите и креирање на изложба од истите.
- Медиумска кампања

При презентирањето, демонстрирањето и меѓусебната интеракција, ќе се внимава истите да бидат во согласност со возраста и можностите на децата и нивниот физички и социоемоционален развој.

**Фактори кои го определуваат проблемот:**

Срединските фактори, културата, социо-економската состојба на семејството од кое доаѓа детето, отстапки или грешки во воспитните влијанија дома или во градинка врз детето, од личните карактеристики на детето, темпераментот, недоволното животно искуство, заради што неможат правилно да ги поврзат и сфатат појавите и последиците, потребата од активност и движење, кои можат да ги доведат до несакани ситуации, делумно како последица од стекнати погрешни претстави за правилно однесување по примерот на возрасните.

Љубопитноста како една од најзначајните фактори која го тера детето на активност, откривање, поврзување, учење, стекнување знаења, навики и вештини.

Децата во својата активност се стекнуваат со позитивни и негативни искуства.

За да се постигнат целите, а во функција на подобрување на начинот на однесување се планира запознавање на воспитните тимови и родителите.За почеток ќе се спроведува со децата од 5-6 годишна возраст во двата објекти со интенција да премине во континуиран процес кој ќе опфаќа и деца од помала возраст зависно од нивниот интерес и нивните можности.

**Очекувани резултати:** Преку реализација на овој проект се планира да бидат опфатени сите деца (на возраст од 4-6 години) во сите активности, а во дел од нив, ќе бидат вклучени и децата од две и три годишна возраст со цел нивна подготовка и запознавање со проектот кој планираме да има свој континуитет и одржливост секоја наредна година.

Во запознавањето со Бонтонот за деца ќе бидат опфатени и воспитниот кадар од сите објекти на градинката со цел да се подобри начинот на комуникација со децата што ќе биде пример за однесување на децата. Воедно преку учество во дел од активностите ќе се запознаат и родителите со начинот на разговарање со своите деца и како да ги воспитуваат, со што ќе се придонесе за развој на партнерски односи меѓу локалната самоуправа, градинката, родителите и пошироката општесвена средина, во воспитувањето и градењето на личноста на секое дете.

Очекуваме прифатеност на проектот од сите фактори особено од децата ,со што ќе придонесеме за нивно правилно, културно и безбедно однесување и живеење.

Децата да знаат кога и како да се однесуваат, да го почитуваат правилното однесување и да го критикуваат неправилното.

Стекнатите знаења децата да ги применуваат и пренесуваат во сите контакти како со врсниците така и со повозрасните од себе, како би влијаеле корективно на оние кои сеуште ги немаат осознаено или грешат во постапките.

**Одржливост на проектот:** Проектот по неговото одобрување ќе се спроведува секоја година. На тој начин децата ќе се едуцираат на правилно однесување кое понатаму ќе овозможи истите да бидат пример и да го пренесат тоа на своите врсници додека се во градинка, додека играат со своите другарчиња во своето маало а и подоцна кога ќе се запишат во основно училиште.

Во реализацијата на овој проект ќе бидат вклучени и припадниците на секторот за превенција при МВР-Делчево со што ќе овозможиме подолгорочна соработка и рушење на предрасудите за воспоставување на поблизок однос со децата и влијание врз нивнот правилно однесување во средината, на улица и во сообраќајот, со што се истовремено се продолжува соработката и реализацијата на проектот „За мојата безбедност се грижиме јас и мојот пријател полицаец“.

Превземањето и поддршката на заеднички и усогласени институционални активности, вклучувањето на родителите и работата со родителите, односно вклучувањето на пошироката општествена средина ќе овозможи развивање на партнерски односи при што со заеднички напори ќе се влијае врз правилниот развој и однесување на децата.

## „РЕЦИКЛИРАЊЕ СО ИМАГИНАЦИЈА“

Целта е децата да научат дека дел од отпадот со кој секојдневно се среќаваат може да се преработи и од него да се создадат други корисни предмети и добра. На тој начин се заштитува околината од отпад, се развива чувство за убаво, се стекнуваат навики за сортирање на отпадот и се штеди на многу ресурси за произвотство на нови добра. Се подобрува хигиената на околината, се заштитува

животинскиот и растителниот свет, и се создаваат услови за почиста средина за живеење.

**Цел на проектот:**

- Да им понуди на децата добри животни навики
- Лична одговорност за животната средина
- Правилно рециклирање на отпадот
- Да се намали обемот на мешан отпад.

**Активности:**

- Се собираат материјали за рециклирање
- Со дел од собраните материјали за рециклажа за време на активностите или на посебни работилници во кои ќе се вклучат и родителите ќе се изработуваат корисни предмети од харитја
- Ќе реализираме активности во кои ќе преработуваме стара хартија ќе и добиваме нова со рециклажа,
- од добиената хартија ќе се изработуваат честитки, разгледници ќе се прават листови за цртање и хамери за паноа.
- Од пластиката и лименки ќе се изработуваат сообрајќајни средства, вазни и саксии за цвеќе, облека за модна ревија, кутии за чување на боичките и приборот и други предмети. Овој проект го поврзуваме со програмата за еколошка едукација.

**Целна група:** Децата од 3 – 6, годишна возраст воспитно-згрижувачкиот кадар, стручните работници и соработници и родителите.сите вработени во установата.

Време на реализација: Коинтинуирано во текот на целата година.

Цел на планирани и реализирани активности:

Детето да се оспособи да ги препознава материјалите за рециклирање

Да се развива знаење за животната средина

Да се подржуваат децата кога пројавуваат интерес за стекнување нови знаења

Да се поттикне љубопитност, истрајност, трпелливост.

**Очекувани резултати**:

- Детето препознава дел од материјалите за рециклажа
- Поставува прашања кога нешто не му е јасно
- Пројавува интерес за стекнување на нови знаења
- Покажува љубопитност, истрајност, трпелливост
- Покажува знаење за животната средина.

## „ СЕМЕЈСТВО И СЕМЕЈНИ ВРЕДНОСТИ“

Овој проект до оваа година го реализиравме како тема, а со цел наше вклучување во кампањата за многудетни семејства и зголемување на наталитетот во нашата држава ќе се реализира преку целата година со бројни едукации на вработените, децата и родителите на различни теми поврзани со семејните вредности.

**Целта на проектот** е:

- децата да се запознаат со животот во семејствата во кои има повеќе деца, со нивните игри, секојдневни доживувања, со чувството на љубов кон братот или сестрата, со придобивките ако се има повеќе членови, со поделбата на обврските и должностите во домот, со меѓусебната помош и поддршка која си ја даваат меѓу себе, со играта и забавата која постојано е присутна во таквите семејства, со немањето на чувство на осаменост на децата во големите семејства и сл.
- Развивање на свест кај децата за важноста на семејството во градење на почит и љубов кон семејните вредности.

**Целна група:** Децата од 4 - 6 години, воспитно – згрижувачкиот кадар, стручните работници и соработници, родителите.
Време на реализација: Континуирано во текот на целата година интегрирано во целите и содржините на среднорочното планирање.
**Планирање на активностите**:
- Информирање на родителите за текот на активностите и заедничко планирање на истите.
- Организирање на заеднички активности со родителите
- Организирање прошетки и посети со родителите
- Изработка на постери наменет за родителите со акцент на семејните вредности
- Организирање на работилници со децата и родителите
- Советување на родителите во насока на зачувување на семејните вредности
- Соработка со Центар за социјални грижи и организирање трибина за родителите на тема семејството и семејните вредности
- Изработка на семејно дрво
- Изработка на постер од семејни фотографии
- Посета на мајки со бебиња во групите
- Посети на баби во групите кои ќе им раскажуваат на децата за обичаите за одбележување на различни празници.
- Негување на традицијата и обичаите.
- Ликовна работилница на тема „Моето семејство“ и ликовна изложба на цртежите.
- Подготовка на здрава храна заедно со родителите во градинка и во семејството и заеднички ручек во дворот на градинката или во парк.
- Подготовка на театарска претстава на вработените и родителите, или театарот од нашиот град
- Посета на едно семејство од групата по можност да е многудетно.
- Организирање на хуманитарни настани,собирни акции, работилници и аукции.
- Соработка со повеќе институции.
- Свечено одбележување на меѓународниот ден на семејството на 15 Мај .

**Очекувани резултати**:
- Детето со свои зборови ја искажува љубовта кон семејството
- Знае да ги наброи членовите на семејството
- Поставува прашања кога нешто не му е јасно
- Знае да ги искажи своите мисли, чувства и искуства.
- Може да се опише себе си како изгледа кога е среќно
- Умее да наброи неколку празници и обичаи
- Покажува почит кон семејството
- Знае да наброи неколку свои обврски и на различни членови во семејството.
- Самостојно се грижи за хигиената во градинката и дома
- Покажува одговорност кон обврските во домот и градинката и одговорност и истрајност во превземените активности.

## „МОЈА ХИГИЕНА- МОЈА НАВИКА“

Со имплементацијата на овој проект се исполнуваат основните програмски претпоставки за заштита, згрижување, едукација на децата од предучилишна возраст до вклучување во основно образование.

Содржините од областа на културно – хигиенските навики ќе се реализираат континуирано преку целата година интегрирани во сите теми. Децата ќе стекнуваат

основни навики за културно однесување во средината, одржување на хигиена како личната така и на околината, здравствените навики ќе се формираат со секојдневна грижа за сопственото здравје и со повеќе предавања и презентации и прегледи од лекари, стоматолози, и др. здравствени работници, низ взаемни посети и средби во текот на целата година. Постојано ќе се работи на усвојување, стекнување и користење на навики за одржување на хигиената пред се на личната, миење на лице, заби, раце, хигиена во извршување на физиолошки потреби, одржување на чиста облека и обувки, одржување на чиста средина во занималната со бришење на прашина, ставање на отпадокот во корпа за отпад,прибирање на играчките и предметите на свое место, миење на овошјето и зеленчукот пред употреба, средување на дворот со собирање на отпад и садење на цвеќа и растенија и други зактивности со цел децата да стекнат здрави животни навики и сами да се грижат и да допринесуваат за одржување на хигиената во средината во која живеат.

Грижата за хигиената е една од основните мерки за зачувување на здравјето.Преку реализацијата на активностите предвидени во програмата се обезбедува запазување на потребното ниво на хигиена и навиките за водење на личната хигиена.

**Цел на проектот**:

1. Градење на чувство за одговорност и грижа за самиот себе;
2. Создавање на добри хигиенски навики;
3. Одржување на потребно ниво на лична хигиена
4. Превземање на мерки и активности за добивање на навики и потребно ниво на хигиена;
5. Препознавање на материјалите сретствата и предмети за одржување на личната хигиена;
6. Поттикнување и развивање на мисловниот процес;
7. Одржување на лична хигиена;
8. Поттикнување на децата за стекнување на нови знаења
9. Развивање на способност за искажување и опишување на личните доживувања.
10. Поттикнување на љубопитност, трпеливост и издржливост, истрајност.

**Целна група:**

децата од 2 – 6 годишна возраст, воспитно-згрижувачкиот кадар, стручни работници, соработници и родителите на децата.

Време на реализација: континуирано во текот на целата година.

Очекувани резултати:

Детето стекнува здрави хигиенски навики

Детето знае да ја одржува личната хигиена

Знае да ги препознае сретствата и приборот за одржување на личната хигиена и правилно да ги користи за соодветната намена;

Користи неколку начини за искажување на сопствените чувства, мисли и искуства.

Детето пројавува интерес за стекнување на нови знаења;

Покажува љубопитност, трпеливост и упорност;

Детето пројавува интерес за здрави хигиенски навики.

**Планирање на активностите:**

Информирање на родителите за приборот и сретствата кои треба да ги донесат во градинка за одржување на личната хигиена и понатамошно одржување и промена на истите.

Практично показен дел од страна на стручниот персонал, за начинот на чување и употреба на материјалите за лична хигиена, покана на лекари и заболекари за

практични обуки на вработените и децата за правилно одржување на личната хигиена,
Обележување на материјалите за лична хигиена посебно за секое дете со фломастер или везење, а може до симболот да стои и името на детето.
Задолжителна активност за миење на заби по ручекот.

Соработка со родителите:
Обезбедување на потребните материјали за детето
Платнена торба за сместување на личните материјали
Крпа за бришење на раце и лице со сошиен ластик за лесно закачување
Лигавче по можност со ластик за лесни за лесна примена
Мантилче за заштита при боење.
Чешел,
Чаша. Четка и паста за заби.
Секој петок родителот ги зема употребуванита материјали за хигиена, а во понеделник ги враќа чисти.

## „ОД ДЕТЕ ЗА ДЕТЕ“

Проектот ќе се реализира во текот на целата година кога децата донираат смалена облека и обувки, креветчиња, постелнини, играчки и други добра кои во соработка со Центар за социјални работи и МТСП ќе се дистрибуираат до семејства на кои им се потребни, или на деца во домови без родители и родителска грижа. Во рамките на истиот од страна на вработените, децата и родителите ќе се изработуваат меки кукли, играчки, накит, честитки и други корисни предмети од различни материјали и ќе се реализираат продажни аукции, а собраните сретства исто така ќе се донираат во хуманитарни цели.

Со овој проект децата учат да бидат хумани, да ги почитуваат социјалните разлики да ги вреднуваат и ценат добрата кои ги поседуваат, да научат да бидат солидарни, да научат да помагаат, да разберат колку е важно помагањето и пријателството, посветување внимание на лицата во социјален ризик, сочувство со оние на кои им е порeбан помош и поддршка, да науќат да ги почитуваат потребите на другите, да знаат дека некому му се потребни работи кои не ги користат и дека можат да направат добро дело со подарување на сопствените играчки, облека или изработените предмети.Се поттикнува чувство на задоволство од гестот и грижа за посиромашните членови, од мали нозе се учат да бидат хумани, се развива емпатијата се запознаваат со општеството како и се учат за вреднување на добрата, се поттикнува креативноста.

**Очекувани резултати:** Децата ќе се грижат за добрата кои ги поседуваат, ќе се грижат за дугарчињата и за сите оние на кои им е порeбана помош ќе им помагаат создавајќи креации од различни материјали и подарувајќи ги, ќе се научат да ги подаруваат своите играчки, облека, обувки со цел да му помогнат на посиромашните, ќе се развие чувство на солидарност, ќе знаат да го ценат пријателството, ќе сочувствуваат со оние на кои им е потребна помош и сл.

Особено ќе се посвети големо внимание на проектни активности од програмските содржини за развој на еколошката едукација на децата од

предучилишната возраст и за употребата на здравата храна. Дел од нив ги реализираме во континуитет како што се собирање и рециклирање на стара хартија, собирање за рециклирање на пластика, чистење и уредување на дворовите, обука за возење велосипеди, едукација на децата за штедење на вода, електрична

енергија, хартија, употреба на здрава храна и водење на здрав живот, садење на дрвја и цвеќиња, семиња и растенија од зеленчук и овошје, одржувањето на градина во градинка и многу други проекти кои произлегуваат како резултат на секојдневните активности по воспитни групи, објекти и на ниво на цела градинка. Проектите се реализираат интегрирано пр: Се посетува некој локалитет во рамките на проектот Градот низ детските очи и истовремено се применуваат стекнатите навики за културно однесување, се разгледува уреденоста на просторот, растенијата во дворовите, безбедно се преминуваат улиците и се применуваат стекнатите или се стекнуваат правилни навики за безбедно живеење и сл.

## „ГРАДИНИ ВО ДЕТСКИТЕ ГРАДИНКИ“

Проект кој се реализира во континуитет низ целата година со исклучок на зимските месеци кога активностите за работа во градината се пренесуваат во занималната и холот каде се сеат и одгледуваат и се произведува расад за разни билки. Истиот тој период децата ќе се запознаваат со семињата на различни градинарски растенија и сами ќе ги посеат во жардињери и други садови од ПЕТ материјали, сами ќе се грижат за нивното растење со наводнување и задоволување на соодветни услови, топлина, светлина, секојдневно ќе го наблудуваа процесот на „ртење, никнување, формирање на стебленца, ливчиња се до нивното пресадување кога ќе се запознаат и со нивниот корен.

Во периодот кога ќе се создадат соодветни временските услови за работа надвор, ќе се превземат подготвителни активности за формирање леи, патеки, поправки на оградите, ќе се обезбеди квалитетна почва таму каде што недостасува во сите објекти. Ќе се набави семенски материјал и ќе се посеат леите. Пресадувањето во градините ќе започне во мај, со дел од расадот кој децата сами го пораснале, а дел во соработка со родителите и вработените ќе се обезбеди и посади во леи. МТСП на самиот старт на поголемите активности во градините обезбеди соодветна работна облека и обувки наменети за работа во градина, и прибор и алат (кофички, лопати, гребла, кантички за наводнување), кои предизвикаа уште поголема мотивација за работа во градината за 30 деца. Дел од слична ваква опрема обезбедува градинката, а дел родителите од децата.

# 16. СТРУЧНО УСОВРШУВАЊЕ НА ВРАБОТЕНИТЕ

### ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ВРАБОТЕНИТЕ
### септември 2020 – август 2021 година

### 🕮 Потреби и можности за изготвување на програма за професионален развој на вработените во установата за деца

Брзиот општествен и техничко-технолошки развој ја наметнува потребата за квалитетно образование во сите образовни нивоа (подсистеми). Во тој контекст, особено големо значење има обезбедувањето на квалитет во предучилишното воспитание и образование кое го опфаќа периодот на раниот детски развој а се реализира во установите за деца (градинки). За да може да се реализира ова мисија и одговори на новото време потребни се компетентни човечки ресурси, односно континуирано лично, стручно и професионално усовршување на вработените во установите за деца. Во исто време тоа значи и создавање на предуслови за кариерен развој на вработените (давателите на услуги).

За реализација на личното, стручното и професионално усовршување на вработените, односно поттикнување и поддржување на континуумот на целоживотното учење, во установите за деца можат да се користат различни форми на информално образование (самообразование) и неформално образование.

Информалното образование се стекнува врз основа на секојдневното животно и работно искуство, преку читање стручна литература, користење материјали од Интернет страници, следење емисии од едукативен карактер на електронските медиуми и преку комунакација со другите луѓе, пред сè со колегите на работа (колегијални разговори). Овој вид образование има своја специфика во образовните институции. Имено, стручните активи на воспитувачите и негувателите, нагледни часови (работа во групи на деца од различна возраст) и многу други форми

Неформалното образование опфаќа едукативни процеси кои се реализираат преку флексибилни или прилагодени наставни програми и методологија, соодветно на потребите и интересите на вработените во установите за деца. Најпознати и користени форми на неформално образование се семинари, обуки и курсеви, после чија реализација учесниците добиваат сертификати, како потврда за реализирани активности, преку кои се стекнати одредени знаења, вештини, како и формирани ставови за извршување на конкретни работи и работни задачи. Овој вид на образование може да се реализира во различни временски рамки, од еднодневни работилници до неколку месечни обуки и курсеви.

Формите на неформално образование можат да се реализираат екстерно, надвор од установата за деца (организирани и реализирани од Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието или во рамките на некој проект на разни фондации, амбасади или граѓански здруженија и др.) и интерни (во рамките на установата за деца), кои можат да се реализираат со надворешен компетентен обучувач (провајдер на обуката) или со внатрешен обучувач.

Процесот на стручно и професионално усовршување на директорите, воспитувачите, негувателите, стручните работници и соработници, треба да е организиран и систематизиран, па затоа секоја установа за деца треба да изготвува своја годишна програма за професионален развој на вработените.

Во оваа програма можат да се предвидат некои од следните форми на информално и неформално образование:

☞ **<u>Стандардни форми на стручно усовршување</u>**

- ❑ Конгрес
- ❑ Конференција
- ❑ Симпозиум
- ❑ Семинар
- ❑ Онлајн курсеви
- ❑ Пленарно предавање
- ❑ Панел дискусија
- ❑ Тркалезна маса
- ❑ Работилница
- ❑ Стручно патување / Студиска посета

☞ **<u>Колаборативни форми на професионален развој</u>**

- ❑ Заеднички акциски истражувања
- ❑ Студија на случај

- ❑ Заедници за учење
- ❑ Студиски групи
- ❑ Анализа на воспитно-наставни активности
- ❑ Менторска поддршка

**☞<u>Индивидуални форми на професионален развој индивидуални форми на професионален развој</u>**

- ❑ Проучување стручна литература
- ❑ Пребарување на интернет
- ❑ Консултација со експерти
- ❑ Анализа на видеоснимки од воспитно-наставни активности
- ❑ Водење и анализа на портфолио за професионален развој
- ❑ Едукација на далечина

**🕮 <u>Детектирање на потребите и приоритетите за стручно и професионално усовршување на вработените во установата за деца</u>**

Годишната програма за професионален развој на вработените треба да ги интегрира утврдените индивидуални потреби на вработените, врз база на нивни лични согледувања (саморефлексија или самопроценка), но и од евалуацијата (оценувањето) што треба да го спроведува директорот и членовите на организациската единица за менаџирање со човечките ресурси како работно тело на установата за деца.

Состав на организациската единица за менаџирање со човечките ресурси како работно тело на установата за деца:

1. **– директор**
2. **– воспитувач**
3. **– стручен работник**
4. **– неговател**

Оваа организациска единица за менаџирање со човечките ресурси спроведе анкетирање во функција на саморефлексија (самопроценка) на вработените, но и ги зеде во предвид и согледувањата од следење и оценка на работата на вработените (извештаи) што ги спроведуваат одговорните лица во установата за деца за таа цел. Врз база на севкупна анализа се утврдени следните потреби и приоритети за кои треба да се реализираат обуки:

- ❑ **ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП И ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ**
- ❑ **ЕДУКАЦИСКА И СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ И СЕМЕЈСТВОТО**
- ❑ **ИНКЛУЗИВНА СРЕДИНА И ПРИСТАП ЗА УЧЕЊЕ**
- ❑ **ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ** (протоколи и процедури за справување со кризни ситуации во градинката)
- ❑ **ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА** (Користње асистивна технологија во работата со децата кои имаат потреба од корекција на гласови).
- ❑ **КЛИМА ВО ГРАДИНКАТА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО**
- ❑ **УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ**
- ❑ **ПРИМЕНА НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ ВО ГРАДИНКАТА** (навремено обучени и информирани вработени).
- ❑ **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР, РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ**

Покрај тоа, анализата покажа дека е потребно да се спроведуваат определени акциски истражувања во установата за деца, но и да се аплицира за учество во проекти. Согласно политиката на установата за деца, вработени од истата редовно ќе земат учество на сите обуки и семинари организирани и реализирани од страна на Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието или во рамките на некој проект на разни фондации, амбасади граѓански здруженија и др.

Посебен акцент ќе се стави на т.н. хоризонтално учење, односно преку работата на стручните активи кои редовно ќе одржуваат тематски состаноци на кои ќе дискутираат и разменуваат искуства и мислења. Освен за размена на професионално искуство, тимската соработка е многу важна и продуктивна за развивање на отворена комуникација, взаемно почитување и доверба, конструктивно решавање на проблемски ситуации.

Установата за деца ќе соработува и со јавни установи од локалната средина со цел да се реализираат од нивна страна популарни предавања за вработените во функција на нивен стручен и професионален развој, подобрување на нивните компетенции и перформанси.

## ☞ <u>План на реализација на активностите од годишната програма за професионален развој на вработените во установата за деца</u>

| Месец и година | Обуки<br>Предавања<br>Работилници<br>Тркалезни маси | | Состаноци на стручни совети / активи<br>Колегијални разговори | | Акциски истражувања<br>Проекти | | Стручни патувања<br>Студиски посети<br>Конференции<br>Семинари | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Септември 2020 | **КОВИД 19** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Октомври 2020 | **ПРИМЕНА НА ИНФОРМАЦИСКИТЕ СИСТЕМИ ВО ГРАДИНКАТА** (навремено обучени и информирани вработени) | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Ноември 2020 | **ЗДРАВА И БЕЗБЕДНА СРЕДИНА ЗА УЧЕЊЕ И РАЗВОЈ** (протоколи и процедури за справување со кризни ситуации во градинката) | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| Декември 2020 | **КОВИД 19** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручнисовети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јануари 2021 | **ХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП И ИНТЕГРИРАНО ПЛАНИРАЊЕ** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Февруари 2021 | **ЕДУКАЦИСКА И СОВЕТОДАВНА ПОДДРШКА НА РОДИТЕЛИТЕ И СЕМЕЈСТВОТО** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Март 2021 | **ИНКЛУЗИВНА СРЕДИНА И ПРИСТАП ЗА УЧЕЊЕ** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Април 2021 | **ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА** (Користење асистивна технологија во работата со децата кои имаат потреба од корекција на гласови) | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Мај 2021 | **КЛИМА ВО ГРАДИНКАТА, БЕЗБЕДНА СРЕДИНА И ДЕМОКРАТСКО УЧЕСТВО** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Јуни 2021 | **УНАПРЕДУВАЊЕ НА МЕЃУЧОВЕЧКИТЕ ОДНОСИ** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |
| Август 2021 | **ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КАДАР, РАБОТНО ВОВЕДУВАЊЕ И АНГАЖИРАЊЕ** | | колегијални разговори секојдневно | состанок на стручни совети минимум 1 месечно | | | Анализа на воспитно-наставни активности | |
| | | | | | | | | |

## 17. МАТЕРИЈАЛНА ПОЛИТИКА И ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

ОЈУДГ„Весели Цветови„ Делчево финансиското работење го остварува преку Општина Делчево, преку Секторот за финансиски прашања, односно одделението за буџетска координација и самофинансирачки активности преку уплата на родителите за престој на децата. За таа цел Градинката е должна да изготви Годишен финансиски план разделен по квартали и месеци по ставки и подставки во кој е искажано како ќе се распоредат расходите во текот на годината.

ОЈУДГ„Весели Цветови„ Делчево во рамките на своето работење, во соработка меѓу директорот,сметководителот, како и останатите вработени од каде се бараат податоци, состојби и извештаи, се изработува предлог финансов план за 2020/21 год. според рамки и насоки кои ги добиваме од Секторот за финансирање и буџет при општина Делчево.

По изготвувањето и усвојувањето на Годишниот финансиски план се изготвува и усвојува План за јавни набавки кој ги опфаќа сите набавки на стоки и услуги како што се набавка на прехрамбени производи, средства за одржување на хигиена, поправки и одржување на објектите (градежни, водоводни, столарски, браварски и елекроинсталациски услуги), тековно одржување на парно греење, набавка на униформи и обувки на вработените, систематски прегледи на вработените, набавка на материјали за разни поправки, набавка на канцелариски материјали, тековно одржување (поправки и сервисирање на компјутери, компјутерска опрема, компјутерска мрежа и систем за видео надзор како и воведување на електронско водење на присутност на работа), тековно одржување на опремата за аларми, тековно одржување (сервисирање и поправка) на моторни возила, поправка и одржување на машини и опрема, транспорт на луѓе, набавка на опрема и мебел, набавка на постелнина за воспитни групи градинка и јасли, набавка на ирачки за воспитни групи градинка и јасли, набавка на ситен инвентар за кујна и воспитни групи градинка и јасли и сл.

### ☺ ОСНОВНИ СРЕДСТВА И ОПРЕМА ЗА РАБОТА

За непречено одвивање на дејноста за оваа година Градинката има потреба од набавка на следните основни средства и опрема:
- дидактички материјал;
- поставување на алармен систем;
- одржување на видео надзор;
- кујнска опрема;
- информатичка опрема
- мебел: обновување на плакарите според нова програма за пуштање и чување на креветчињата, набавка на нови шкафчиња за детската облека.
-набавка на опрема, дидактички материјали и инвентар кој е во дотраена состојба.

### ☺ ТЕКОВНО И ИНВЕСТИЦИОНО ОДРЖУВАЊЕ ☺

Оваа година потребни се средства за тековно одржување на објектите и тоа:
- Варосување на објект број 2;
- Преадаптирање на простор;
- Промена на оштетени плочки на влезовите за прием;
- Поставување и одржување на пархет и ламинатни подови;
- Промена на осветлувањето во просториите и ходниците во објектите;

- Санација на дел од кровна конструкција со замена на оштетени и неправилно поставени лимови и олуци;
- Санација на тераси во склоп на јаслен дел;
- Поставување на надворешни ролетни во 4 занимални од доградбата;
- Уредување на дворна површина и поставување статични реквизити за игра на истата;
- Санација на столарија во Објект 2;
- Санација и замена на столарија во Објект 1;
- Поставување на систем за ладење (клима уреди);
- Уредување на заден двор-лавиринт во истражувачки центар-планетариум;
- Ликовно уредување на внатрешни зидови и
- Обновување на ограда во Објект број 2.

За наведените инвестиции установата ќе се обрати со барања до :
- МТСП
- Општина Делчево
- Бизнис заедницата во рамки на Општина Делчево
- Соработка со градинки и фондации за донации од соседна Р.Бугарија преку искористување средства од различни образовни европски фондови
- Искористување на сопствени средства.

Градинката е посветена на секое дете. Раководниот, стручниот, воспитно-згрижувачкиот кадар, родителите и членовите на локалната заедница се партнери во обезбедувањето на стимулативен амбиент кој го збогатува искуството на децата и ја зајакнува самодовербата и социјалните компетенции кај децата од предучилишна возраст. Нашата установа ќе создава поттикнувачка средина за рано учење и развој на децата пред се преку негување на толеранција и тимска работа.

Сите предучилишни деца треба да имаат еднакви можности за пристап до разни форми за поттикнување на раното учење и развој,кои се базираат на индивидуалните развојни потреби на децата и се насочени кон достигнување на позитивни развојни резултати како основа за подготовка на училиште.

Сите деца во текот на предучилишниот период го достигнуваат својот максимален развоен потенцијал за успешен старт во формалниот образовен процес и во животот воопшто. Градинката го максимизира развојниот потенцијал на целото дете преку обезбедување на искуства за рано учење прилагодени на развојот на секое дете, поттикнувајќи ја љубовта кон учењето и идните академски успеси.

Реализирањето на целите и задачите на оваа програма, е процес кој ќе бара голема посветеност, усилби и заложби како и доволно време за реализација на истата, но секако и поддршка и соработка од одредени субјекти. Очекуваме оваа програма да се реализира во наредниот период во воспитната 2020/2021 година следејќи ги трендовите на новото време и да доживее комплетна имплементација во работата на градинката. Целата програма е планирана и насочена кон обезбедување на оптимални услови за развој на детето во детската градинка, која покрај примарната социјализација на децата од предучилишна возраст ќе се обезбедат и услови за развој на нивните севкупни потенцијали и за стекнување на основни сознанија за светот кој што ги опкружува. Програмата е прилагодена кон детето и е усогласена со неговите желби, можности, интереси и потреби и е со флексибилна организација на работата, а со поголема осврtност кон родителите и општествената средина. Оваа програма поаѓа од фактот дека раниот пристап со некоја форма на предучилишно воспитание и

образование и долгорочните ефекти на таа образовна партиципација оставаат белег на успехот во целокупното понатамошно школување на секоја индивидуа.

Да се обезбеди оптимален развој на детето во детската градинка, таа ќе биде отворена и насочена кон сите институции и средини во кои што детето расте и се развива, а воедно ќе воспоставува и соработка со сите локални субјекти и со своите активности ќе учествува во подигање на атрактивноста и угледот на самата општина.

Активностите со децата ќе бидат основа за нивен понатамошен целосен раст и развој. Како ќе бидат реализирани, дали со физичко присуство или онлајн ќе зависи од актуелната и идна ситуација со КОВИД 19.

**ОЈУДГ ,,Весели Цветови,, Делчево**
**Директор**
**Билјана Симовска**